Се задолжува ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци до Совет на Општина Кавадарци да достави Извештај за наменско користење на средствата одобрени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

**Член 4**

Одлуката влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" ).

**Бр.08- 7480/27**
**21.12.2023 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за субвенционирање на Општинскиот ученички дом ,, КРСТЕ П. МИСИРКОВ,, Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за субвенционирање на Општинскиот ученички дом ,, КРСТЕ П. МИСИРКОВ,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/28** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на Општинскиот ученички дом**
**,, КРСТЕ П. МИСИРКОВ,, Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува субвенционирање на Општинскиот ученички дом ,, КРСТЕ П. МИСИРКОВ,, Кавадарци, во износ од 3.650.000,00 денари ( три милиони и шестотини и педесет илјади денари) за редовно работење.

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплаќаат сукцесивно согласно приливот на средства во Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, и поднесено барање, конто-464.990, Програма Г1-подршка на локален економски развој.

**Член 2**

Општинскиот ученички дом,, КРСТЕ П. МИСИРКОВ,, Кавадарци финансиските средства од член 1 на оваа одлука треба да ги користи строго наменски во согласност со потребата за кои се одобрени.

**Член 3**

Се задолжува Општинскиот ученички дом ,, КРСТЕ П. МИСИРКОВ,, Кавадарци до Совет на Општина Кавадарци да достави Извештај за наменско користење на средствата одобрени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

**Член 4**

Одлуката влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во ("Сл. Гласник на Општина Кавадарци" ).

**Бр.08- 7480/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/29** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), а во врска со член 82 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05…75/21), член 116 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.21/16,72/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**ВОВЕД**

Програмата за работа на Советот се базира на надлежностите на Советот пропишани со Уставот на РСМ, Законот за локална самоуправа и другите закони кои се однесуваат на функционирањето на локалната самоуправа, како и Статутот на Општината и Деловникот за работа на Советот.

Програма овозможува насоки по кои ке се раководи Советот во своето работење во текот на една календарска година.

Со истата се обезбедува траспарентност, но и простор за нејзино проширување и дополнување од овалстени предлагачи и други заинтересирани субјекти и поединци.

**С О Д Р Ж И Н А**

**Период Јануари-Март**

1. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година – Четврти Квартал;

   Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

2. Информација за состојбата во јавната безбедност и безбедноста на сообракајот на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;

   Предлагач: ОВР-Полициска станица Кавадарци

3. Годишен Извештај за работата на Општина Кавадарци за 2023 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

4. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

   Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
   Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

5. Годишен извештај за работа за 2023 година на јавните претпријатија: ЈП “Комуналец“ Кавадарци, ЈП “Мито Хаџи Василев –Јасмин“ Кавадарци, ЈП “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци , МХЕЦ “Лукар“ Кавадарци,ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

   Предлагач: Јавните претпријатија

6. Годишен извештај за работа за 2023 година на јавните општински установи ЈОУ Дом на култура “Иван Мазов Климе“ Каваадрци , ЈОУ Библиотека “Феткин“ и ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци, Јавна установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ;

   Предлагач: Јавните општински установи

7. Годишни сметки за 2023 година на јавните претпријатија ЈП “Комуналец“ Кавадарци, ЈП “Мито Хаџи Василев –Јасмин“ Кавадарци, ЈП “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци ,МХЕЦ “Лукар“ Кавадарци ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

   Предлагач: Јавните претпријатија

8. Годишни сметки за 2023 година на јавните општински установи, ЈОУ Дом на култура “Иван Мазов Климе“ Каваадрци , ЈОУ Библиотека “Феткин“ и ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци , Јавна установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ;

   Предлагач: Јавните установи

9. Годишни сметки за 2023 година на општинските основни и средни училишта во Општина Кавадарци ;

   Предлагач: Основни и средни училишта

10. Одлуки за донесување на Детални урбанистички планови;

    Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
    Изготвувач:Одделение за урбанизам

11. Годишен Извештај за работа на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2023 година;

    Предлагач: Центар за развој на Вардарски Плански Регион

12. Извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2023 година;

Предлагач: Центар за развој на Вардарски Плански Регион

13. Програма за организирање на Културната манифестација Свети Трифун 2024 година;

Предлагач: Организаторот- Вршителот на делигираната надлежност

14. Наративен и финансиски извештај за организирање на Културната манифестација Свети Трифун;

Предлагач: Организаторот - Вршителот на делигираната надлежност

15. Извештај за работа на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата;

Предлагач : Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата

16. Извештај за работа на Општински совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2023 година;

Предлагач: Општински совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци

17. Годишниот Извештај за постапување со отпад по Програмата за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2023 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за комунални работи, урбанизам, сообракај и заштита на животната средина

18. Програма за спорт на Општина Кавадарци за 2024 година;

Предлагач: Комисија за спорт
Изготвувач: Сектор за јавни дејности и култура

**Период Април – Јуни**

19. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година – Прв Квартал;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци

Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

20. Извештај за работа за период од 01.01.2024-01.04.2024 година на јавните претпријатија ЈП “Комуналец“ Кавадарци, ЈП “Мито Хаџи Василев –Јасмин“ Кавадарци, ЈП “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, МХЕЦ “Лукар“ Кавадарци, ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Предлагач: Јавните претпријатија
Изготвувач: : Јавните претпријатија

21. Програма за организирање на Туристичката Манифестација Културно лето „ Го сакам Кавадарци,, ;

Предлагач: Организаторот - Вршителот на делигираната надлежност

22. Програма за организирање на Туристичката Манифестација,,Тиквешки Гроздобер 2024 година,, ;

Предлагач: Организаторот - Вршителот на делигираната надлежност

**Период Јули - Септември**

23. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година – Втор Квартал;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци

24. Извештај за работа за период од 01.01.2024-01.07.2024 година на јавните претпријатија ЈП “Комуналец“ Кавадарци, ЈП “Мито Хаџи Василев –Јасмин“ Кавадарци, ЈП “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, МХЕЦ “Лукар“ Кавадарци и ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Предлагач: Јавните претпријатија

25. Извештаи за работа на Општинските Основни и Средни училишта во Општина Кавадарци во учебната 2023/2024 година;

Предлагач: Општинските Основни и Средни училишта во Општината

26. Програми за работа на Општинските Основни и Средни училишта во Општина Кавадарци во учебната 2024/2025 година;

Предлагач: Општинските Основни и Средни училишта во Општината

27. Извештај за работа на ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,, Кавадарци за 2023/2024 година;

Предлагач:ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,, Кавадарци

28. Програма за работа со финансиски план за финансирање на ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,,Кавадарци за 2024/ 2025;

Предлагач:ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,, Кавадарци

29. Одлука за доделување на Награда ,,7-ми Септември,,

Предлагач: Комисија за празници и манифестации и доделување на награди и признанија

Изготвувач: Сектор за правно-нормативни и општи работи

30. Одлука за зголемување на деца во воспитни групи за воспитната 2024/2025 година во ЈОУ Детска Градинка Рада Поцева Кавадарци

Предлагач:ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,, Кавадарци

31. Годишен план за вработување во Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци

Изготвувач: Сектор за управување со човечки ресурси

32. Годишен план за вработување за 2025 година на јавните претпријатија: ЈП "Комуналец" Кавадарци, ЈП "Мито Хаџи Василев –Јасмин" Кавадарци, ЈП "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци , МХЕЦ "Лукар" Кавадарци, ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Предлагач: Јавните претпријатија

33. Годишен план за вработување за 2025 година на јавните општински установи ЈОУ Дом на култура "Иван Мазов Климе" Каваадрци , ЈОУ Библиотека "Феткин" и ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци ,Јавна установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ;

Предлагач: Јавните општински установи

34. Годишен план за вработување за 2025 година на Општинските Основни и Средни училишта во Општина Кавадарци;

Предлагач: Општинските Основни и Средни училишта во Општината

35. Годишен план за вработување за 2025 година на ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,, Кавадарци;

Предлагач:ЈОУ Детска Градинка ,,Рада Поцева,, Кавадарци

**Период Октомври – Декември**

36. Квартален Извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година – Трет Квартал;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

37. Извештај за работа за период од 01.01.2024-01.09.2024 година на јавните претпријатија ЈП “Комуналец“ Кавадарци, ЈП “Мито Хаџи Василев –Јасмин“ Кавадарци, ЈП “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци , МХЕЦ “Лукар“ Кавадарци, ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Предлагач: Јавните претпријатија

38. Извештај за реализацијата на Туристичката Манифестација,,Тиквешки Гроздобер 2024 година,,;

Предлагач: Организаторот - Вршителот на делигираната надлежност

39. Извештај за реализацијата на Туристичката Манифестација Културно лето „ Го сакам Кавадарци,, ;

Предлагач: Организаторот - Вршителот на делигираната надлежност

40. Програма за одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови 2024/2025;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

41. План на програмите за развој за 2025 година;

Предлагач : Општински основни и средни училишта и општинските установи

42. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

43. Одлуки за измена и дополнување на ДУП на Општината;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци

Изготвувач:Одделение за урбанизам

44. Буџет на Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

45. Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2025 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

46. Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на административните службеници за 2025 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

47. Буџетски календар за 2026 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

48. Одлука за благајнички максимум за 2025 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

49. Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за финансиски прашања

50. Програма за работа на Советот на Општината за 2025 година;

Предлагач:Комисија за изработување на програма за Советот на Општината
Изготвувач: Сектор за правни-нормативни и општи работи

51. Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач:Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште

52. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци

Изготвувач: Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште

53. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2025;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за уредување и располагање со градежно земјиште

54. Програма за комунални дејности за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

55. Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

56. Програма за јавна чистота за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

57. Програма за јавно зеленило за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

58. Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

59. Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина

60. Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за Локален економски развој

61. Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за Локален економски развој

62. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2025 година;

Предлагач: Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за јавни дејности и култура

63. Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2025 година;

Предлагач: Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија
Изготвувач: Сектор за јавни дејности и култура

64. Програма за дочек на Нова Година 2026 и Божиќни празници;

Предлагач: Организаторот - Вршителот на делигираната надлежност

65. Програма за заштита и благосостојба на животните –третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2025 година

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообракај и заштита на животната средина

66. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2025 година

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообракај и заштита на животната средина

67. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци
Изготвувач: Сектор за комунални работи, урбанизам, сообракај и заштита на животната средина

68. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2025 година

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци

Изготвувач: Сектор за јавни дејности и култура

69. Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствената заштита за 2025 година

Предлагач:Градоначалник на Општина Кавадарци

Изготвувач: Сектор за јавни дејности и култура

71. Годишна програма за работа за 2025 на јавните претпријатија ЈП “Комуналец“ Кавадарци, ЈП “Мито Хаџи Василев –Јасмин“ Кавадарци, ЈП “ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, МХЕЦ “Лукар“ Кавадарци, ЈП за превоз на патници ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци

Предлагач: Јавните претпријатија

Изготвувач: : Јавните претпријатија

72. Годишна програма за работа за 2025 на јавните општински установи, ЈОУ Дом на култура “Иван Мазов Климе“ Каваадрци , ЈОУ Библиотека “Феткин“ и ЈОУ Музеј Галерија Кавадарци ,Јавна установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци ;

Предлагач: Јавните установи

Изготвувач: : Јавните установи

73. Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата за 2025 година

Предлагач : Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата

74. Извештај за работа на Општински совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци за 2025 г

Предлагач: Општински совет за превенција против малолетничка деликвенција на град Кавадарци

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци ја регулира нормативната дејност на Советот за 2024 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што се донесени или ке бидат донесени во текот на годината.

Програмата за работа на Советот на Општина Кавадарци за 2024 година има отворен карактер, така што сите проблеми и прашања што ке се појават во текот на годината, а за кои Советот, Градоначалникот и другите органи на Општината ке оценат дека имаат битно значење за животот и интересите на граганите, ке бидат инкорпорирани во Програмата.

Програмата влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци

**Бр.08-7480/29** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/30** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2023 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште (“Сл.весник на РМ бр 15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, објавен во “Службен весник на РСМ“бр.275/19), а во врска со Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл.весник на РМ” бр.38/11, 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13, 96/14, 107/14, 149/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),
.
Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**ВОВЕД**

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување,
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
III. Обем и степен на опремување на градежното земјиште;
IV. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште;
V. Изворите за финансирањето на Програмата и распределба;
VI. Уредување на градежно земјиште по урбани и месни заедници
VII. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба;
VIII. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште;
IX. Динамика на извршување на Програмата;
X. Преодни и завршни одредби.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Кавадарци, прогласен како градежен реон.

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТВУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:
II-1. Подготвителни работи и
II-2. Расчистување на градежното земјиште

### II-1. ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:
- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

### II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчиствување на градежното земјиште и градежната парцела се смета:
- Решавање на имотно правните односи;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата и
- Уривање на објектите со транспорт на материјалот со уривање до депо.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Во смисла на оваа Програма, градежното земјиште се уредува во обем и степен согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Сл.весник на РМ" бр.88/09 и 157/09, 98/10, 193/16).

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременоста на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

**III-1 Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови;
- електрична мрежа за улично осветлување;
- водоводна мрежа;
- фекална канализација и
- атмосферска кнализација.

**III-2 Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови;
- електрична мрежа за улично осветлување;
- водоводна мрежа;
- фекална канализација;
- атмосферска кнализација;
- ПТТ (оптичка – телекомуникациона ) мрежа;
- топлификациона мрежа;
- паркинг простори;
- гасоводна мрежа и
- пречистителна станица за отпадни води.

**III-3 Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:**

- непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
- сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводната мрежа);
- септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
- сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација);
- нестандардно улично осветлување и
- надземна нестандардна електрична мрежа.

## IV. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

1. Трошоците за уредување на градежно земјиште опфаќаат трошоци за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, трошоци за

изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка и трошоци за расчистување и опремување.

a) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежно земјиште за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии) и за погодноста – бонитетот на локалитетот (комплекс) каде се гради или е изграден станбен, деловен или друг простор.

b) Трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка опфаќаат: трошоци за расчистување на градежното земјиште, за проектирање и изградба на објекти од основната комунална инфраструктура за индивидуална потрошувачка.

в) Трошоците за расчистување и опремување опфаќаат: трошоци за тековното расчистување и трошоци за опремување на градежно земјиште и постојни објекти од комуналната инфраструктура.

в.1) Трошоците за тековно расчистување на конкретна градежна парцела што паѓаат на товар на општината опфаќаат надоместок за експропријација, како износ на праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижности и тоа:

В.1.1.) Надоместок за експроприрана зграда или друг објект.

Во постапка за експропријација, во понудата, висината на надоместокот се определува така што:

- градежната вредност на објектот се утврдува во зависност од видот (стан, куќа, деловен, административен простор, дуќан, гаража и сл.), согласно Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен весник” на РМ бр.50/05), (во понатамошниот текст: Методологија);

Вложувањата во уредувањето се одбиваат од градежната вредност, затоа што соодветниот локалитет е опремен со соодветни инфраструктурни објекти на кои објектот кој се експроприра е приклучен, со што е зголемена вредноста на објектот и на градежното земјиште на соодветниот локалитет:

- градежната вредност на објектот се намалува и за износот на амортизацијата пресметана согласно Методологијата;
- Местоположбата на објектот кој се експроприра се цени врз основа на зоната на макролокацијата каде се наоѓа истиот, а во согласност со Методологијата.

Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот за објекти што заради својата природа не се во промет и за кои не се формира пазарна цена (бунари, огради, зидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот и работната рака, потребна за изградба на тие објекти, намалена за износот на амортизација.

В.1.2.) Надоместок за експроприрано земјиште:

Во постапката за експропријација, во понудата, висината на надоместокот се определува согласно пазарната цена на земјиштето утврдена согласно Методологијата.

Во постапка за експропријација, во понудата, висината на надоместокот за насади, посеви, шуми и плодови на земјиштето кои се одзема, се определува врз основа на елементите со помош на кои според обичаите на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.

в.2) Трошоците за опремување на градежно земјиште, надвор од градежната парцела, се пресметуваат со претпоставени количини и тековни цени, според приложениот проект за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

Трошоците за преместување на постојни објекти од комунална инфраструктура, ги сноси инвеститорот.

Изградените објекти од основната комуналната инфраструктура кои останувaат во границите на градежната парцела на инвеститорот или под објекти што се градат, мора да бидат заштитени.

Инвеститорот е должен, пред отпочнувањето со изградба на објектот во својата градежна парцела, да побара писмена согласност од администрацијата на Општина Кавадарци за заштита на тие објекти. Трошоците за заштита на објектите ги сноси инвеститорот.

При склучен договор за уредување на градежното земјиште, доколку комуналното претпријатие, односно акционерското друштво изврши измена во техничкото решение за веке дадена согласност за изградба на комунална инфраструктура , истото заедно со инвеститорот се должни да ги сносат трошоците за проектирање и изградба на истата.Претходно направените трошоци, комуналното претпријатие односно акционерското друштво и инвеститорот, се должни да и ги надоместат на Општина Кавадарци.

## V. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА И РАСПЕДЕЛБА

| | **ПРИХОДИ** | **ДЕН** |
|---|---|---|
| 1. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште - Комуналии | 74.970.000 |
| 2. | Средства од Буџетот на Општината-концесии | 4.000.000 |
| 3. | Средства од Буџетот на Општината-даноци | 30.000.000 |
| 4. | Други средства од Републиката, од МТВ и др. | 7.000.000 |
| 5. | Приходи од јавно осветлување | 23.000.000 |
| 6. | Приходи од закупнина на општински имот | 1.000.000 |
| 7. | Приход од продажба на градежно земјиште | 7.000.000 |
| 8. | Комунални такси за користење на ЈП површини | 2.000.000 |
| 9. | Надомест за паркирање (лиценци) | 500.000 |
| 10. | Надомест за користење на патишта (рег.возила) | 5.000.000 |
| 11. | Приходи по основ на надоместок за легализација на објекти | 5.500.000 |
| 12. | Приход од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на РМ | 4.500.000 |
| 13 | Приходи од донации | 3.500.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Приходи од добивка на ЈП Комуналец | 6.000.000 |

**ВКУПНО : 173.970.000**

**РАСХОДИ**

## VI. ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ГРАДСКИ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

### VI-1. ОБЈЕКТИ ПО УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ

| | |
|---|---|
| **Програма за уредување на градежно земјиште за 2024година** | |
| | |
| **УЗ Ваташа** | |
| | |
| ***1.Асфалтирање на улици*** | |
| ул. Ванчо Николески | |
| | |
| ***2.Поплочување на улици*** | |
| ул. 4 ти мај поврзување со ул. Желковец | |
| партерно уредување на згради Силекс | |
| крак од ул.12 Другари | |
| | |
| ***3.Атмосферска канализација*** | |
| ул.Фуштани | |
| | |
| **вкупно** | **5,250,000** |
| | |
| **УЗ Глишиќ** | |
| | |
| ***1.Поплочување на улици и тротоари*** | |
| ул. 27 ми Март -крак | |
| партерно уредување околу Црква | |
| | |
| ***2. Асфалтирање*** | |
| ул. 27 ми Март | |
| | |
| **вкупно** | **4,400,000** |
| **УЗ Страшо Пинџур** | |
| | |
| ***1.Реконструкција и асфалтирање*** | |
| | |

| | |
|---|---|
| бул. Видое Смилевски | |
| ул. Кирил и Методиј | |
| ул.Дисанска- Костурница | |
| ул. Личка спој со ул Владимир Назор | |
| ул. Домовица -краци--2 фаза | |
| | |
| ***2Поплочување на улици и тротоари*** | |
| ул.Домовица -тротоар | |
| ул. Дисанска -тротоар | |
| ул. Ленинова паркинг | |
| ул. Достовески- крак | |
| | |
| ***3.Потпорен зид*** | |
| ул. 25 ти Мај | |
| ул. Домовица | |
| ул. 25 ти Мај спој со Ѓуро Гаковиќ | |
| **вкупно** | **24,950,000** |
| - | - |
| **УЗ БРАЌА ЏУНОВИ** | |
| | |
| ***1.Реконструкција и асфалтирање*** | |
| | |
| ул.1 ви Мај | |
| ул. Борис Кидриќ | |
| | |
| ***2.Поплочување на улици и тротоари*** | |
| ул. Ќиро Спанџов -крак | |
| ул.Браќа Џунови-тротоар | |
| ул. Миле Вчков- крак | |
| | |
| **вкупно** | **5,250,000** |
| | |
| **УЗ Браќа Досеви** | |
| | |
| ***1.Реконструкција и асфалтирање*** | |
| ул. Браќа Досеви | |
| ул. Климент Охридски | |
| ул. Данчо Поп Атанасов | |
| | |

| | |
|---|---|
| ***2. Атмосферска канализација*** | |
| ул. Климент Охридски | |
| ул. Данчо Поп Атанасов | |
| | |
| **вкупно** | **6,000,000** |
| | |
| **УЗ КИРО КРСТЕВ** | |
| | |
| | |
| ***1.Поплочување и реконструкција на улици и тротоари*** | |
| ул. Методија Џунов Џикот -тротоар | |
| ул. Брушанска - пробивање и бетонирање | |
| | |
| **вкупно** | **1,100,000** |
| | |
| **УЗ Задругар** | |
| | |
| | |
| ***1.Поплочување на улици и тротоари*** | |
| пешачка патека на ул. Д.Туриманџов | |
| тротоар на ул. Васил Главинов | |
| | |
| ***2.Атмосферска Канализација*** | |
| Атмосферска на ул. Диме Туриманџов | |
| атмосферска на ул. Васил Главинов | |
| | |
| **вкупно** | **3,200,000** |
| | |
| **УЗ Слога** | |
| | |
| | |
| ***1.Реконструкција и асфалтирање*** | |
| ул. Мишо Шкартов 2 фаза | |
| ул.Јованче Велков -крак | |
| | |
| ***2.Поплочување на улици и тротоари*** | |
| | |
| ул. 14 мај-тротоар | |
| ул. 11 Бригада-тротоар | |
| ул.Јованче Велков крак-тротоар | |

| | |
|---|---|
| ул.Полошка -тротоар | |
| ул.Праведничка-тротоар | |
| партерно уредување на згради на ул. Страшо Пинџур | |
| | |
| | |
| ***потпорни зидови*** | |
| ул. Ќиро Митрев | |
| ул.Витачево 2 ра фаза | |
| **вкупно** | **7,950,000** |
| | |
| **УЗ Кула** | |
| | |
| **1.Поплочување на улици и тротоари** | |
| ул. Орце Николов спој со Ѓорѓи Соколов-преуредување | |
| бул. Кочо Рацин- тротоар | |
| ул. Мирче Ацев -крак | |
| ул.Максим Горки -партер пред згради | |
| ул. Партизанска -партерено уредување | |
| | |
| **2.Реконструкција и асфалтирање** | |
| ул. Охридска-крак | |
| | |
| **вкупно** | **2,720,000** |
| | |
| **УЗ Љубаш** | |
| | |
| **1.Поплочување и реконструкција на тротоари и улици** | |
| | |
| бул. Моша Пијаде- тротоар | |
| ул. Индустриска-тротоар - | |
| партерно уредување на згради на ул. 8 ми септември | |
| ДУП Бел Камен-тротоари - | |
| партерно уредување на згради на ул. Цветан Димов | |
| ул. Балканска - | |
| | |
| ***2.Асфарлтирање и реконструкција на улици*** | |
| - | |
| бул. Вељко Влаховиќ спој со Западен Булевар- 1 ва фаза - | |

| | |
|---|---|
| ул.Бел Камен пробивање и тампонирање - | |
| патека околу спортски центар Јасмин - | |
| - | |
| **вкупно** | **16,500,000** |
| - | - |
| **Изработка и ревизија на проекти , надзор на комунална изградба, испитување на материјали, изработка на геодетски елаборати, изработка на елаборати за процена на недвижен имот** | |
| **вкупно** | **9,000,000** |
| | |
| **РЕКАПИТУЛАР ПО УРБАНИ ЗАЕДНИЦИ** | |
| | |
| **УЗ Ваташа** | **5,250,000** |
| **УЗ Глишиќ** | **4,400,000** |
| **УЗ Страшо Пинџур** | **24,950,000** |
| **УЗ БРАЌА ЏУНОВИ** | **5,250,000** |
| **УЗ Браќа Досеви** | **6,000,000** |
| **УЗ КИРО КРСТЕВ** | **1,100,000** |
| **УЗ Задругар** | **3,200,000** |
| **УЗ Слога** | **7,950,000** |
| **УЗ Кула** | **2,720,000** |
| **УЗ Љубаш** | **16,500,000** |
| **Изработка и ревизија на проекти , надзор на комунална изградба, испитување на материјали, изработка на геодетски елаборати, изработка на елаборати за процена на недвижен имот** | **9,000,000** |
| | |
| **Вкупно** | **86,320,000** |
| | |
| **Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување** | |
| - | - |
| -Интервенции за фекална, атмосферска канализација и водоводна линија | |
| | |
| **вкупно** | **3,000,000** |
| | |
| **Изградба на Јавни објекти** | |
| Уредување на паркинг за автобуси - Депо | 1,900,000 |

| | |
|---|---|
| Изградба на велосипедско пешачка патека Глишиќ- Марена | 10,000,000 |
| ул. Ристо Џондев -таложник | 7,000,000 |
| ул.Диме Чекоров-таложници | 4,000,000 |
| реконструкција на зграда на Дом на Културата | 1,000,000 |
| Реконструкција на скали во Општинска зграда | 1,000,000 |
| Изградба на Дом на Културата во с. Дреново- вкупна инвестиција од 34.000.000 од кои 7.000.000за 2024г и 13.500.000 за 2025г и 13.500.000 за 2026 | 7,000,000 |
| Реконструкција на ул. Шишка (од бул.В.Смилевски до Северен Булевар) финансиска конструкција 12.000.000 ден, кои би се обезбедиле преку ЈПДП | 0 |
| Изградба на трета лента на регионален пат кон Росоман-исклучок кон Слога , вкупна инвестиција од 4.000.000 ден, од кои 2.000.000 ден обезбедени од Општината и 2.000.000 обезбедени од донации | 2,000,000 |
| Изградба на кружен тек на Западен Булевар финансиска инвестиција од 11.000.000 ден -средставата би биле обезбедени од ЈПДП или преку донација | 0 |
| Средства за имотно правни постапки | 10,000,000 |
| Тампонирање и санација на полски патишта | 2,000,000 |
| Реконструкција на улици со гранитни коцки и павер елементи поплочени површини | 2,000,000 |
| реконструкција на Ученички дом Крсте Петков Мисирков | 4,000,000 |
| Уредување на пристапи на тротоари за инвалидизирани лица | 1,000,000 |
| **вкупно** | **52,900,000** |
| | |
| | |
| **Изградба во селски месни заедници** | |
| | |
| **с.Сопот** | |

| | |
|---|---|
| -поплочување на улици и тротоари | 2,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **2,000,000** |
| - | - |
| **с.Марена** | |
| поплочување-тротоар | 1,200,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,200,000** |
| | |
| **с.Возарци** | |
| поплочување | 1,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **с.Дреново** | |
| поплочување | 500,000 |
| | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **с.Шивец** - | |
| - | |
| поплочување - | **1,000,000** |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| - | |
| **Брушани** - | |
| поплочување - | 4,000,000 |
| - | |
| **вкупно** | **4,000,000** |
| **Голеш** | |
| бетонирање | 1,000,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| | |
| **Дабниште** | |
| поплочување | 1,100,000 |
| | |
| **вкупно** | **1,100,000** |
| **Раец** - | |
| поплочување - | **1,300,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,300,000** |

| | |
|---|---|
| **Конопиште** - | |
| поплочување - | **1,000,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Ресава** - | |
| поплочување - | **1,000,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Бегниште** - | |
| поплочување - | **1,000,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Бохула** - | |
| поплочување - | **750,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **750,000** |
| **Куманичево** - | |
| тампонирање - | **500,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Страгово** - | |
| поплочување - | **500,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Чемерско** - | |
| поплочување - | **500,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Горниково** - | |
| поплочување - | 500,000 |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Рожден** - | |

| | |
|---|---|
| водоводна линија - | 500,000 |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Бојанчиште** | |
| поплочување | 700,000 |
| тампонирање | 300,000 |
| | |
| | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Фариш** - | |
| поплочување - | 1,000,000 |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| **Горна Бошава** - | |
| **поплочување** - | **500,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Долна Бошава** - | |
| **поплочување** - | **500,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **500,000** |
| **Мајден** - | |
| **поплочување** - | **1,400,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,400,000** |
| **Крњево** - | |
| **поплочување** - | **1,000,000** |
| - | |
| - | |
| **вкупно** | **1,000,000** |
| - | |
| **се вкупно** | **24,750,000** |
| - | - |
| **Локални патишта** | |

| | |
|---|---|
| -Зимско одржување | 3,000,000 |
| -Крпење на ударни дупки | 3,000,000 |
| -Одржување на локални патишта | 1,000,000 |
| **вкупно** | **7,000,000** |
| | |

| **ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР** | |
|---|---|
| Изградба и реконструкција на улици и други објекти во урбани заедници | **86,320,000** |
| Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадни води и водоснабдување | **3,000,000** |
| Изградба на Јавни објекти | **52,900,000** |
| Изградба и реконструкција на улици и други објекти во селски месни заедници | **24,750,000** |
| Локални патишта | **7,000,000** |
| | |
| **ВКУПНО** | **173,970,000** |

## VII. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ

Во текот на 2024 година надоместокот за уредување на градежно земјиште во град Кавадарци ќе се наплатува согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенотг на уреденост ( сл. Весник на РМ бр,193/16, , 72/18, 16/22) и оваа Програма.

(1)Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно правилникот (сл. Весник на РМ бр,193/16 , 72/18, 16/22), се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти:

1. **За станбени објекти:**

- станбени простории, 1,0;
- станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор 0,2;
- лоѓија затворена од три страни, 0,4;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,3;
- балкони, тераси, 0,2;
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, визба, 0,3;
- трафостаница до 35 KW во објектот и надвор од објектот, 0,3;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3;

- стражарници, управител, простории за домар, 0,5 и
- паркиралишта и гаражи, 0,1;.

2. **За деловни и јавни објекти:**
- простории, 1,0;
- магацини, 0,5;
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3;
- трафостаница до 35KW во објектот и надвор од објектот, 0,4;
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5;
- паркиралишта и гаражи, 0,1;
- лоѓија затворена од три страни, 0,5;
- подлоѓија затворена од две страни, 0,4;
- балкони, тераси, 0,3 и
- отворен наткриен простор, 0,3;

**3. За други објекти:**
- катни гаражи, 0,05;
- спортски покриени објекти, 0,5;
- спортски откриени објекти, 0,3;
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0;
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0;
- базени, 0,2 и
- трафостаници над 35KW, 1,0;

4**. За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси:**
- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,01;
- Г3 сервиси, 0,01 и
- Г4 стоваришта, 0,01;

**5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) :**
- продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0 и
- услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

**6. За објектите од група на класи на намени Б 5**

- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А 4 - хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом:
- сите простории, 0,05;

**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица: - сите простории**, 0,05;

**8. За објекти за високо образование**:
- сите простории, 0,5;

**9.За објекти за култура:**
- сите простории, 0,01 и

**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**
- сите простории, 0,05.

**11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори ( биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија),** 0,01

**12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела,** 0,01

(2)По исклучок од став (1) на овој член, во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација, не се пресметуваат површините на:

- инсталационите канали;
- окната за лифтови;
- окна на врати;
- отворени паркиралишта;
- подземни резервоари и
- објекти заштитени како културно наследство.

(3) За објектите од став (1) на овој член со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член и за други објекти од став (1) на овој член без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

(4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина согласно ставовите (1) и (2) од овој член.

(5) За објектите од група на класи на намени Г - производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со коефициентите утврдени во став (1) точка 4 од овој член.

(6) За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 KW како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје односно советот на градот Скопје согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, општината во градот Скопје односно градот Скопје, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во случаите од горенаведениот став, површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи

на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

Во случај кога површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект (запишан во имотен лист) што ке се руши, тогаш инвеститорот не плаќа комунален надоместок, а може да се приклучи на постојните комунални приклучоци со веќе одреден капацитет (водовод, канализација).

Во случај на доградба и надградба на постоечки објект, каде корисната површина се зголемува, доколку инвеститорот бара да биде приклучен на нов комунален приклучок со зголемен капацитет ( поголем капацитет на водовод или канализација), инвеститорот го плаќа реалниот трошок за проектирање и изведување на било кој комунален приклучок.

Во случај на пренамена или адаптација од јавен или деловен простор во станбен, не се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште.

Во случај кога инвеститорот кој врши пренамена на веќе изградениот простор од станбен во деловен ќе плати надоместок во износ на разликата помеѓу поранешната намена на просторот и пресметковната вредност на новата намена, по цена која важи во моментот на пресметката.

**Г. ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

-Набавка на материјал и опрема за тековно одржување на улично осветлување,
-Набавка и монтажа на нови инсталации за улично осветлување (Развојна Програма),
-Реконструкција и доградба на постојна мрежа,
- Одржување на систем за управување и контрола на улично осветлување.

**Д. ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ( со ЈП Комуналец)**

- Пометување и перење на улици (ЈАВНА ЧИСТОТА)
- Програма за одржување на паркови и зеленило,
- Програма за одржување на фудбалски терени во Општина Кавадарци,
- Програма за одржување на санитарни кабини.

**Ѓ. ДЕЗИНФЕКЦИЈА,ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА**

**Е. Дејности кои ги реализира ЈП Паркинг согласно одлука:**

- Обележување на сообраќајници,
- Тековно одржување на улично осветлување.

| | | |
|---|---|---|
| **Програма за КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ за 2024 година** | | |
| **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ** | | |
| **1.Набавка,транспорт и поставување на урбана опрема** | | |
| клупи | | |
| корпи за отпадоци | | |
| фонтани | | |
| **2. Изградба и реконструкција на детски игралишта** | | |
| **3.Изградба на игралишта и партерно уредување на Шумарско школо** | | |
| **4.Набавка и засадување на нови цветни и дрвни насади на територијата на општина Кавадарци** | | |
| **5. Набавка и монтажа на санитарни кабини** | | |
| | **СЕ ВКУПНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ** | **18,000,000** |
| **ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА** | **ЈП Комуналец** | **2,000,000** |
| **ОДРЖУВАЊЕ НА СООБРАКАЈНИЦИ СО ХОР.И ВЕР.СИГНАЛИЗАЦИЈА** | | |
| | | |
| **1.Обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии,пешачки премини,такси постојки,паркинзи и др.** | ***Јп паркинг*** | |
| 2. ДРУГО ОДРЖУВАЊЕ | - | |
| **2.1. Поправка и одржување на опрема за семафори , раскрсници,портали** | | |
| **2.2. Набавка на знаци,патокази, пречки за успорување на сообраќај,опрема за семафори и раскрсници** | - | |
| **2.3. Брендирање на возила на Локална Самоуправа,такси возила и автобуси** | - | |
| **2.4. Изработка на проекти** | - | |

| | | |
|---|---|---|
| | **СЕ ВКУПНО - СООБРАКАЈ** | **7,900,000** |
| **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | |
| | | |
| **1. Тековно одржување на улично осветлување** | ***ЈП Паркинг*** | |
| **2. Потрошена ел.енергија за улично осветлување** | | |
| 3.***МАТЕРИЈАЛ И ИНСТАЛАЦИИ*** | - | |
| **3.1 Потрошен материјал и опрема за тековно одржување на неопфатени реони со ЈПП за улично осветлување** | | |
| материјал | | |
| **3.2. Развојна програма изградба на нова нисконапонска мрежа** | | |
| **3.3. Реконструкција и доградба на постоечка мрежа** | | |
| **3.4. Одржување на систем за управување и контрола на улично осветлување** | | |
| | **СЕ ВКУПНО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **40,000,000** |
| **ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ (ЈАВНА ЧИСТОТА)** | | |
| | | |
| **1.Пометување и перење улици во градот (Јавна чистота)** | | |
| **2.Услуги за одржување на паркови и зеленило (јавно зеленило)** | | |
| **3.Одржување на фудбалски терени** | - | |
| **4.Тековно одржување на јавни санитарни кабини** | | |
| | **СЕ ВКУПНО -ЈАВНА ЧИСТОТА** | **36,000,000** |
| **ДЕЗИНФЕКЦИЈА,ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА** | | |
| **1. Дезинсекција** | | |
| **2. Дератизација** | | |
| **3. Дезинфекција** | | |
| **4. Акредитирана лабораторија за мерење на отпадни води, бучава, звук** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **5. Кофинансирање на проект за Спречување со загадување на воздух кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации во соработка со МЖСП (трансфер на средства до УНДП )** | | |
| | **СЕ ВКУПНО** | **2,890,000** |

| **ВКУПЕН РЕКАПИТУЛАР** | |
|---|---|
| **УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ** | **18,000,000** |
| **ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА** | **2,000,000** |
| **ОДРЖУВАЊЕ НА СООБРАКАЈНИЦИ СО ХОР.И ВЕР. СИГНАЛИЗАЦИЈА** | **7,900,000** |
| **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | **40,000,000** |
| **ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ (ЈАВНА ЧИСТОТА)** | **36,000,000** |
| **ДЕЗИНФЕКЦИЈА,ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА** | **2,890,000** |
| **ВКУПНО** | **106,790,000** |

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ**

Динамиката на извршување на Програмите за секоја комунална дејност поединечно ќе зависи од постоечките правила,техничките услови,од приливот на средствата од надоместокот за истите или средства од буџетот (ако не постои посебен надоместок за комуналната дејност) од донесениот ,,План за активности,, за секоја комунална дејност поединечно, како и од потребите на граѓаните за подобрување на ефикасноста и квалитетот на услугата.

Финансирањето на уличното осветлување нова НН мрежа и реконструкција, се исплаќа со средствата од таксата за улично осветлување.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на оваа Програма недлежен е Градоначалникот на Општина Кавадарци и Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-7480/34 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година Претседател**
**К А В А Д А Р Ц И д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци**
**за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци **за** 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/35** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15, а во согласност со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 5 став 1 точка 11, како и член 7 став 3 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16,64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.302/20),а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци со арх.бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Службен гласник на општина Кавадарци“ бр.4/17, 65/20, 13/22, 15/22, 43/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

**<u>Вовед</u>**

Со оваа програма се предвидува редовно одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци, финансирање и управување како и надзор над горенаведените работи.

Целта на програмата е да се обезбеди редовно одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци со што ќе се овозможи поквалитетна средина за живеење и постојана осветленост на градот без никакви пречки во животната средина и природата.

**Член 2**

**<u>Активности</u>**

Програмата ги опфаќа сите градежни, градежно - занаетчиски, електормонтерски и дополнителни работи за функционирање на мрежата за јавното улично осветлување. Односно со програмата се предвидува демонтажа, монтажа и поправка на столбови, електрични кабли, светилките и другите електрични елементи на целата територија на Општина Кавадарци.

**Член 3**

**Финансирање**

Средствата планирани за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци за 2024 година изнесуваат 2.500.000 денари со вклучен и пресметан ДДВ и истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци.

**Член 4**

**Мониторинг**

Надзорот над реализацијата на Програмата за одржување на јавното улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци го врши Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку своите служби и комуналната инспекција.

**Член 5**

**Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ 2024 година**

| рб | опис | единечна мерка |
|---|---|---|
| | **Градежни работи** | |
| 1 | Ископ на земја од III и IV категорија за темели на столбови | m3 |
| 2 | Ископ на земја од III и IV категорија со димензии до 0,4х0,8m за полагање на доводни и разводни кабли, FeZn трака, лента, штитници, со повторно затрупување | m3 |
| 3 | Ископ на земја за отвор со длабочина до 120cм, за поставување на дрвен столб или анкер, со вклучено затрупување | број |
| 4 | Правење на засеци во земја до потребна длабочина поради лоцирање на дефект во подземна мрежа, и повторно затрупување | број |
| 5 | Сечење на асфалт или бетон, со длабочина до 10 cm | m |
| 6 | Кршење на дел од оштетен фундаментот | број |
| 7 | Бетонирање со бетон МБ30 на фундамент за метален столб со вклучено шаловање и монтажа на анкер корпа и пластични цевки (не се вклучени во цената) | m3 |
| 8 | Бетонирање со бетон МБ30 на оштетен фундамент за метален столб со вклучено шаловање | број |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Бетонирање на искршени површини со дебелина до 10cm | m2 |
| 10 | Асфалтирање на искршени површини со дебелина до 10cm | m2 |
| 11 | Набавка и вградување на ситен песок 10 cm под и 10 cm над кабелот | m3 |
| 12 | Набавка и вградување на тампон од дробен камен со набивање во слоеви од по 30 cm | m3 |
| 13 | Вадење на бехатон плочки и нивно повторно редење | m2 |
| | **Електромонтерски работи** | |
| 14 | Лоцирање на дефект во подземен кабел во фундамент на метален столб и негово санирање без градежни работи | број |
| 15 | Санирање на оштетен бетонски фундамент за метален столб до 12м (вградување на анкер штрафови, заварување) без бетонирање | број |
| 16 | Поставување на енергетски кабел до 4x16mm2 во ископан ров, со вклучено поставување на заштитни коруби (штитници) и упозорителна лента над каблите. Краевите на кабелот завршуваат преку фундамент во метален столб | m |
| 17 | Монтажа на сврзувачка спојка за нисконапонски кабел до 4x25mm2 (комплет) | број |
| 18 | Поставување на кабел во гибливо црево ф30mm | m |
| 19 | Поставување на поцинкувана челична лента до ФеЗн во веќе ископан ров со вклучено поврзување со соодветни вкрстени плочки заради наставување | m |
| 20 | Поврзување на поцинкувана челична лента ФеЗн 30x4mm преку вкрстени плочки и парче челична лента ФеЗн со штрафовите за заземјување на столбовите (или со заварување) | број |
| 21 | Поврзување на кабелски приклучок во приклучна табла во столб за осветление (по столбно место) | број |
| 22 | Монтажа на приклучна табла (ДИН шина, ВС клеми) во метален столб за влез и излез на кабел 4x16 mm2 и излез за кабел 2x1,5 mm2 | број |
| 23 | Мерење на отпорот на заземјување на метални столбови и издавање атест од овластена фирма (по столбно место) | број |
| 24 | Монтажа на метален столб со висина до 5m на готов фундамент, со вклучена монтажа на лира и светлечко тело | број |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Демонтажа на метален столб до 5м со вклучена демонтажа на лира и светлечко тело, и ослободување на столбот од нн мрежа | број |
| 26 | Промена/поправка на светилка (лед светилка, рефлектор, флуо светилка, светлечко тело со заштитна топка) на метален столб (ожичен) до 5м со или без лира, и нејзино поврзување | број |
| 27 | Монтажа\промена на кабел (од приклучна табла до светилка) во метален столб до 5м со вклучено поврзување на сите пропратни елементи | број |
| 28 | Монтажа на метален столб со висина од 8m до 12m на готов фундамент со вклучена монтажа на лира и светлечко тело | број |
| 29 | Демонтажа на метален столб со висина од 8m до 12m со вклучена демонтажа на лира и светлечко тело, и ослободување на столбот од нн мрежа | број |
| 30 | Промена/поправка на светилка/рефлектор на метален столб од 8m до 12m со вклучено разврзување и повторно поврзување | број |
| 31 | Монтажа/промена на кабел (од приклучна табла до светилка) во метален столб од 8 до 12м со вклучено поврзување на сите пропратни елементи | број |
| 32 | Санирање (лоцирање) на дефект на напоен кабел во метален столб со вклучено: преповрзување на проводниците на кабелот на приклучната табла во столбот, кратење и наставување на оштетените проводници, промена на елементи на приклучна табла (вс клеми, осигурувачи) | број |
| 33 | Интервенција во метален столб за улично осветлување (паднат автоматски или топлив осигурувач, откачен проводник од приклучна табла) | број |
| 34 | Монтажа на заштитен капак на метален столб | број |
| 35 | Санирање на оштетен метален столб со висина до 12м, со вклучена промена на оштетениот дел од столбот до ф150мм, со заварување, брусење, фарбање | број |
| 36 | Санирање на оштетен метален столб, со вклучена промена на оштетениот дел од столбот до ф120мм, заварување, брусење, фарбање | број |
| 37 | Санирање на оштетен метален столб, со вклучена промена на оштетениот дел од столбот до ф60мм, заварување, брусење, фарбање | број |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Демонтажа на постоечки дрвен столб со вклучен: транспорт на столботот, демонтажа на држач (конзола), светлечко тело, ослободување на столботот од кабелски сноп и од сите пропратни елементи | број |
| 39 | Транспорт и монтажа на дрвен столб до 8m во подготвен отвор | број |
| 40 | Санирање на оштетен дрвен столб со вклучено поставување на анкер за столбот (без ископ) | број |
| 41 | Промена на светилка од/со држач (конзола) на дрвен или бетонски столб | број |
| 42 | Демонтажа на светилка со/без држач (конзола) на дрвен или бетонски столб со вклучено разврзување од мрежа | број |
| 43 | Монтажа на светилка со/без држач (конзола) на дрвен или бетонски столб и нејзино поврзување на мрежа | број |
| 44 | Санирање на дефект на светлосна арматура на дрвен столб или бетонски столб преку промена на елементи на светилката: елементи за спојување, проводник, заштитно стакло, грло со навој Е27, флуо цевка, флуо драјвер, сијалица со навој, до нејзино профункционирање | број |
| 45 | Испуштање/промена на самоносечки кабелски сноп (до 2х16мм2) , по столбно место (дрвен или бетонски столб, фасада, објект), до висина од 12м, до потребна затегнатост со вклучена монтажа на елементите за закачување | број |
| 46 | Демонтажа на кабелски сноп/AlFe јаже од столбно место (дрвен или бетонски столб, фасада, објект), до висина од 12м, со вклучена демонтажа на елементите за закачување | број |
| 47 | Затегнување на кабелски сноп/AlFe јаже, по столбно место (дрвен или бетонски столб, фасада, објект), до висина од 12м, до потребна затегнатост со вклучена монтажа на елементите за закачување | број |
| 48 | Отплеткување на заплеткан кабел/AlFe јаже за улично осветлување од мрежата на ЕВН | број |
| 49 | Интервенција во ормар за улично осветлување (кревање на автоматски осигурувач\и, ресетирање на систем за управување, промена на ВС клеми, промена на еден или повеќе ножести осигурувачи, промена на автоматски осигурувачи) | број |
| 50 | Монтажа\промена на подножје за ножест осигурувач во ормар за улично осветлување | број |

| | | |
|---|---|---|
| 51 | Монтажа\промена на контактор во ормар за улично осветлување | број |
| 52 | Монтажа\промена на сензор\ комплет фотоосетлив контактор (форел) и негово поврзување | број |
| 53 | Монтажа на ормар за улично осветлување (на столб, објект или готов фундамент) со вградување на сите елементи и нивно електрично поврзување | број |
| 54 | Работен час на електричар\монтер за сите други работи кои не се наведени во спецификацијата | час |
| | **Општи работи** | |
| 55 | Работен час на возило со платформа за сите други работи кои не се наведени во спецификацијата, а за кои има потреба од користење на истото (во цената треба да е опфатен и работен час на возач на корпа) | час |
| 56 | Работен час на лесно\товарно превозно возило | час |
| 57 | Работен час за Приправност на електричар\монтер (понудата се однесува за 1 работник). НЕ ТРЕБА ДА ИЗНЕСУВА ПОВЕЌЕ ОД 30 ДЕНАРИ ПО ЧАС | час |

**Бр.08-7480/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режимна територијата на Општина Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режимна територијата за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/36** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15, а во согласност со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02),член 5 став 1 точка 10, како ичлен 7 став 3од Законот за комуналнитедејности („Службен весникна Република Македонија” бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16,64/18 и „Службен весникнаРепубликаСевернаМакедонија” бр.302/20),а во врска со Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци со арх.бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Службен гласник на општина Кавадарци“ бр.4/17, 65/20, 13/22, 15/22, 43/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**

**за обележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други обележја за регулирање на сообраќајниот режимна територијата на Општина Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

**Вовед**

Со оваа програма се предвидува редовно одбележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта заради редовно и инвестиционо одржување на територијата на општина Кавадарциза 2024 година.

Целта на програмата е постојните линии на сообраќајниците редовно да се обновуваат, како и да се обележуваат сите потребни нови линии со цел непречено и безбедно функционирање на сообраќајот на улиците и општинските патишта на подрачјето наопштина Кавадарци.

**Член 2**

**Активности**

Со програмата се предвидува маркирање и обоележување на сите потребни линии на сообраќајниците, пешачките премини, постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта заради редовно и инвестиционо одржување на територијата на општина Кавадарци за 2024 година.

**Член 3**

**Финансирање**

Средствата планирани за одржување на сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во општина Кавадарци за 2024 година изнесуваат 5.000.000 денари со вклучен ДДВ и истите ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци.

**Член 4**

**Мониторинг**

Надзорот над реализацијата на Програмата за одбележување на сообраќајници со полни и испрекинати линии, пешачки премини, такси постојки, паркинзи и други знаковни содржини за обележување и одржување на сообраќајна

сигнализација за регулирање на сообраќајниот режим на улици и општински патишта на територијата на Општина Кавадарци, ќе го врши Секторот за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку своите служби и комуналната инспекција.

**Член 5**

**Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

| Спецификација за обележување на хоризонтална патна сигнализација | | |
|---|---|---|
| Реден број | Опис | Единечна мерка |
| 1 | Маркирањеналинија | м |
| 2 | Обележувањенадожнилинии (полни и испрекинати) | м |
| 3 | Обележувањенапешачкипремин | м2 |
| 4 | Обележувањенастоплинија | м2 |
| 5 | Обележувањена Х- знацизапредупредување | м2 |
| 6 | Обележувањенанасочнистрелки-еднострани | бр. |
| 7 | обележувањенанасочнистрелки-двострани | бр. |
| 8 | Обележувањенатријаголникзапредупредување | бр. |
| 9 | Обележувањенашрафираниповршини(сополналинија) | м |
| 10 | Обележувањенаразделниострови | м2 |
| 11 | Обележувањенапаркингместа | бр. |
| 12 | Обележувањена Х-знацизазабранетопаркирање | бр. |
| 13 | Обележувањенаавтобускостојалиште, комплетсоознаки | бр. |
| 14 | Обележувањенаознака ШКОЛО | бр. |
| 15 | ОбележувањенаместозаТахі, комплетсоознаки | бр. |
| 16 | Обележувањенаместозаинвалиди, комплетсоознаки | бр. |
| 17 | Обележувањенаместозаелектричнивозила, комплетсоознаки | бр. |
| 18 | Обележувањенаместозарезервиранпаткинг, комплетсоознаки | бр. |
| 19 | Обележувањенахуманитарен и еколошкипаркинг, комплетсоознаки | бр. |
| 20 | Поставувањеналаднапластика | м2 |

| Материјали за обележување хоризонтална патна сигнализација | | |
|---|---|---|
| Реден број | Опис | Единечна мерка |
| 1 | Бојазаобележување: бела, жолта, црвена, црна, сина, зелена | кг |
| 2 | Стакленперлит | кг |
| 3 | Разредувач | кг |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Ладнапластика | кг |

**Бр.08-7480/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.5/02“), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службан весник на РМ“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2024 година**

Согласно одредбите од Законот за заштита на населениетоод заразни болести, Советите на Општините, по претходно стручномислење (елаборат) на Центарот за јавно здравје за подрачјето за кое еоснован, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2024 година.

**Мерки, цели, активности**

Главна цел на програмата е спроведување на општи меркиза заштита на населението од заразни болести како и утврдувањена активностите, извршителите, роковите и финансиските средства потребни за нивна реализација во 2024 година.

Програмата дефинира пет општи мерки за заштита нанаселението на Општина Кавадарци од заразни заболувања, кои соисполнувањето на поставените цели треба да придонесат закревање на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

## I. Општа мерка

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛАНА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

### 1. ЦЕЛ

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

### АКТИВНОСТИ

Населението во Општина Кавадарци се снабдува со вода за пиење од градскиот водоводен систем со кој стопанисува комуналното претпријатие Ј.П. Комуналец, од локални селски водоводи, јавни чешми и бунари.

### 2. ЦЕЛ

Контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување.

### АКТИВНОСТИ

Ц.Ј.З. Кавадарци врши проценка на безбедноста на водата запиење преку санитарно- хигиенски увиди на водоснабдителните објекти, земање на примероци вода и лабораториска анализа вооднос на физичко-хемиски и микробиолошки параметри напримероците на вода. Годишно се изготвува информација до Советот на Општина Кавадарци за безбедноста на водата запиење, состојбата со заболувања кои може да се пренесуваат преку водата за пиење, се предлагаат мерки за подобрување и се издвојуваат приоритетните објекти.

Финансиските средства за спроведување на точка 1 ќебидат обезбедени од буџетот на Ј.П. Комуналец и ОпштинаКавадарци.

## II. Општа мерка

## ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ЦВРСТ И ТЕЧЕНОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НАЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

1. **ЦЕЛ**

Отстранување и одведување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

**АКТИВНОСТИ**

Во Општина Кавадарци одведувањето на отпадните води се врши во главиот колекторски систем, а го врши – ЈП,, Комуналец,, Кавадарци.

Финансиските средства за спроведување на точката 1 ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП,, Комуналец,, Кавадарци.

2. **ЦЕЛ**

Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиран процес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и надворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Одржувањето на чистотата на јавните површини, празнењето и чистењето на садовите за смет од јавните површини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет и други отпадоци од станбени, деловни и други корисни површини во Општина Кавадарци, го врши ЈП,, Комуналец,, -Хигиена.

Одржувањето на чистотата се врши според годишнатапрограма за чистење на Јавното комунално претпријатие.Годишната програма содржи: динамика, начин и технологија начистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредностина програмираните работи.

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на ЈП,, Комуналец,, и Буџетот на Општина Кавадарци.

3. **ЦЕЛ**

Заштита на вработените во Јавното комунално претпријатие, коишто вршат отстранување на отпадот и во својата работа се изложени на опасност заради

контакт со ѓубре, со што би се спречило, првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

- редовно обновување на опремата за работа ( заштитна униформа, алат и сл.) и
- задолжително вакцинација по епидемиолошкииндикации (активна имунизација против цревен тифус - задолжителна еднашна три години).
- систематски здравствени прегледи на вработените.

Финансиските средства за третата цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на Комуналното претпријатие кое врши отстранувањена цврст отпад.

**III. Општа мерка**

**САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - УЧИЛИШТА**

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести, па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти.
На територијата на општина Кавадарци има:

**- Средни училишта**

| |
|---|
| 1. СОУ - Гимназија „Добри Даскалов“ |
| 2.СОЗШУ - „Ѓорче Петров“ |
| 3. СОУ „Киро Спанџов Брко“ |

**- Основни училишта**

| |
|---|
| 1. ООУ „Гоце Делчев“ |
| 2. ООУ „Димката А. Габерот“ |
| 3. ООУ „Димката А. Габерот“ - Ваташа |
| 4. ООУ „Страшо Пинџур“ |
| 5. ООУ „Тоде Х. Тефов“ |
| 6. ООУ „Тошо Велков Пепето“ |

**- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита**

| |
|---|
| 1. ЈОУ – Библиотека „Феткин“ |
| 2. ЈОУ – Детска градинка „Рада Поцева“ |

3. Дневен центар за лица со посебни потреби

**1. ЦЕЛ**

Следење на здравствената состојба на вработените војавните установи со цел исклучување на опасноста одпренесување на заразни заболувања на најранливата група -децата.

**АКТИВНОСТИ**

- вршење на здравствени прегледи врз вработени
во погореспоменатите училишта согласно законските прописи.

Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовитена прегледите на вработените, како и формата и содржината на санитарната книшка, ги пропишува министерот за здравство.

**2. ЦЕЛ**

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните, предучилишни и социјални установи со цел создавање на безбедна средина.

**АКТИВНОСТИ**

Во училиштата превентивата дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја вршат лица кои со закон се овластени да спроведуваат превентивни мерки на дезинфекција, дезинсекција и дератизација од јавно-здравствен интерес.
Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второто полугодие.

**3. ЦЕЛ**

Создавање здрави поколенија преку постојано следење назравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

**АКТИВНОСТИ**
За систематските прегледи и вакцинациите на учениците, надлежен е Здравствен дом - Кавадарци, а се вршат според однапред изготвен распоред на екипите по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, училиштата се обврзани да ги преземат потребните активности. За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по

известувањето од надлежната здравствена установа, пристапува кон активности заспроведување на истата.

Точните термини за вакцинација и систематски прегледи допонително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија:

**За вакцинација**
**Одделение**

| |
|---|
| I - 6 години |
| II - 7 години |
| VI - 12 години |
| IX - 14 години |
| |
| III/IV – 18години |

**За систематски преглед**

**Одделение**

| |
|---|
| I |
| III |
| V |
| VII |

Финансиски средства за активностите под цел 3 не се потребни.

**4.ЦЕЛ**

Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

**АКТИВНОСТИ**

- постојано одржување на хигиена на работните простории;
- постојано одржување на хигиена со дезинфекција во санитарните јазли;
- течен сапун во тоалетите;
- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки;
- зголемување на бројот на хигиеничари;
- дезинфекција на водата за пиење онаму каде што нема.

Финансиски средства за извршување на општата мерка 4 ќеобезбедат училиштата од сопствените буџети.

**IV Општа мерка**

**ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО–ПРОМОТИВНИАКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НАНАСЕЛЕНИЕТО**

**ЦЕЛ**

Промоција на здравјето и превенција од заразни болестипреку здравствена едукација на учениците во основните училишта на територијата на општината.

Унапредување на здравјето и заштита на локалното население од ХИВ инфекција преку подигање на свеста, формално и неформално образование, превенција и рано откривање.

**АКТИВНОСТИ**

Во 2024 година, Советодавни и едукативни предавања во училиштата ќе се вршат и на други теми, согласно со потребите и можностите на Ј.З.У. „Центар за Јавно Здравје“ - Кавадарци.

Финансиски средства за реализација на оваа цел не се потребни.

**V. Општа мерка**

**ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

**ЦЕЛ**

Спречување на појавата на штетници кои предизвикуваат или се преносители на зарази.

Дезинсекција се извршува како мерка во борба против инсекти, а со цел спречување на ширење заразни болести каде што како вектори се јавуваат истите.

Дератизација се извршува како мерка во борба против глодарите, а со цел спречување на ширење на заразни болести каде што како вектори се јавуваат истите.

**АКТИВНОСТИ**

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата се изведуваат со стручна и техничка помош на Ј.З.У. „Центар за ЈавноЗдравје“ - Кавадарци и правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописи донесени врз основа на истиот.

Авиотретирањето против комарци ќе се врши со авио задимување и запрашување и на територијата на ОпштинаКавадарци на површина од 750 хектари во 2 наврати или со аеросолна дезинсекција од земја на следните локации:

**- Локации:**

| |
|---|
| 1. Течение на река Луда Мара |
| 2. Депонија Мелци |
| 3. Целото градско подрачје |

Авиотретирањето или третирањето од земја се извршува во раните утрински часови, во периодот на месец април, мај, јуни, јули и август, а зависно од временските услови.

Согласно стручниот елаборат се препорачува да се користат сретствата Aqua Kothrine и Neopitroid premium.

Отстапување од оваа редовна постапка ќе се изврши попретходно упатство од страна на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ –Кавадарци

Дезинсекцијата (третман против крлежи) на територијата наОпштина Кавадарци ќе се врши на следниве јавни површини:

**- Јавна површина**

| |
|---|
| 1. Градски парк |
| 2. Парк Полиција |
| 3. Парк 11 Октомври |
| 4. Стадион Јасмин |

Хемиските третмани ќе се изведуваат во раните утрински часови. Операцијата ќе биде изведена во две фази, односно два последователни третмана, со меѓу период од две седмици (зависно од временските услови). За таа цел ќе се користат инсектициди регистрирани од Министерството за здравство на Република Северна Македонија.

Дератизацијата се врши со поставување на мамци во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 1000, во два наврати и тоа: март – јуни и септември – декември.

Потребно е хранлива подлога и родентицидниот препарат (на база на Bromadiolone, Brodifacoum и Difetialone)

Се предвидува поставување на мамечки места во јасно обележени и затворени мамечки кутии, кои ќе бидат фиксирани во ѕидот на основата од кејот.

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансиски средства за извршување на дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ќе се обезбедат од Буџетот наОпштина Кавадарци.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-7480/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.12.2023 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.09-7677/37** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ”бр. 32/20 и 111/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2024 година**

Вовед

Планската Програма за изработка на Генерален урбанистички план, Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за села и Урбанистички планови вон населени места, како и Проектна програма за Урбанистички проекти е Годишна Програма и претставува основа за уредување и опремување на градежното земјиште.

Планирањето има за цел дефинирање на комплементарен пристап во развојот на градот;

- Зголемување на ефикасноста во функционирање на инфраструктурните системи;
- Заштита на историскиот идентитет на градот и вредните амбиентални целини;
- Дефинирање на сообраќајниот систем на градот;
- Обезбедување пристап до секоја градежна парцела и поврзување со екстерниот сообраќаен систем;
- Рационализација на просторната организација на домувањето преку рационален и економичен пристап во идното користење на градежното земјиште со наголемување на степенот на изграденост и искористеност во согласност со важечките стандарди и нормативи;
- Подигнување на станбениот стандард на повисоко ниво во сите елементи на живеење;
- Елиминирање на супстандардниот станбен фонд;
- Ревитализација и санација на станбениот фонд;
- Потврдување на катастарските парцели со градежни парцели заради трансформирање на градежното земјиште;
- Индустријата и во наредниот период ќе се развива на нови локации со рационално користење на просторот и заштита на животната средина

така да економските и социјалните критериуми треба да бидат потчинети на еколошките услови и постигнување на повисок квалитет на живеење и работа;

- Развој на угостителство и туризам со обезбедување и заштита на природните предели, амбиенти и пејсажи како и зачувување на културно историските споменици;
- Развој на селските населби и уредување на руралните подрачја.

Планирање

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на ГУП на град Кавадарци и населените места Ваташа и Глишиќ;
- Изработка на нови Детални урбанистички планови;
- Измена и дополнување на Детални урбанистички планови;
- Изработка на урбанистички планови за село;
- Изработка на урбанистички планови вон населено место;
- Изработка на Урбанистички проекти;

Врз основа на годишната Планска Програма за изработка на урбанистички планови Општината (нарачател на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови (изработувач на планот) согласно член 45 и 70 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“, бр. 32/20 и 111/23).

Изработката на Урбанистичката документација опфаќа повеќе планирани активности како изготвување на планска програма/проектна програма со опис за намена на дејности, обезбедување на дигитални катастарски планови со внесена постоечка инфраструктура. За плановите вон населено место треба да се добие Решение за Услови за планирање на просторот како и Елаборат за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот-Скопје, исто така и за Урбанистички проект по член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“, бр. 32/20 и 111/23);

- Во зависност од планската документација донесувачот или изработувачот на планот треба да изработи Предлог Планска Програма. Планска програма ја одобрува Стручна комисија, партиципативно тело и Градоначалник на Општина Кавадарци. Потоа се работи Нацрт Урбанистички план или Предлог Урбанистички план после што следува:
- Градоначалникот формира комисија за постапување по поднесените иницијативи во системот на е-урбанизам;
- Решение за Комисија формирана од Градоначалникот за изработка на Мислење по Нацрт т.е. Предлог на Урбанистички план;
- Мислење од Комисијата по Нацрт т.е. Предлог на Урбанистички план;
- Извештај за постапување по забелешките од Комисијата (од изготвувачот на Планот);
- Одлука за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација (од Градоначалник на општина);
- Соопштение за спроведување на Стручна расправа и Јавната презентација со јавна расправа (од Градоначалник на Општина – Јавната анкета трае минимум од 30 до 90 дена);
- За спроведување на Јавна анкета и јавна презентација се објавува повик преку информацискиот систем е-урбанизам, на веб-страната на општината и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат;
- Јавен повик до учесници на јавни институции и други релеванти фактори за времето и местото на одржување на Јавната презентација и јавна анкета;
- Записник од спроведена Јавна презентација и Евидентен лист на присутни учесници во јавната презентација;
- Решение за формирање Комисија за постапување по забелешките од Јавната анкета (од Градоначалник на Општина);
- Извештај за постапување по забелешките од јавната анкета и Јавната презентација од стручна Комисија;

- Известување за постапување по забелешките од Јавната анкета – имплементирани во Предлог Планот (од Градоначалникот);
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности Скопје;
- Обезбедување на позитивни Мислења по предложената Урбанизација од Институции и Јавни претпријатија: ЕВН Македонија, Македонски Телеком, ЈП Комуналец, Министерство за култура, Дирекција за заштита и спасување, Агенција за патишта, Водостопанство, Министерство за животна средина, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за катастар на недвижности и други согласно потребите на намената и местоположбата на опфатот;
- Изработка на Ревизија на Нацрт Урбанистичкиот план од Ревизиска куќа (со лиценца и овластувања);
- Извештај за постапување по забелешките од Ревизијата (од изготвувачот на Планот);
- До Министерство за животна средина се доставуваат пополнети формулари и Одлука од Градоначаникот за спроведување односно неспроведување Стратегиска оцена за заштита на животната средина;
- По добивањето Одговор од Министерство за животна средина и просторно планирање за спроведување т.е не спроведување на Стратегиска оцена за заштита на животната средина ( зависно дали опфатот е во или вон населено место) се изработува и
- Нацрт верзија на Извештај на Стратегиска оцена за заштита на животната средина ( лиценцирана фирма за изработка на соодветни елаборати);
- Се бара Мислење од Министерство за животна средина по Нацрт верзијата на Извештајот ;
- По добивање на Мислењето од животната средина се изготвува:
- Соопштение за спроведување на Јавна презентација по Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на заштита на животната средина ( од Градоначалникот);
- Се објавува во 1 медиум ( потребна е Потврда од истиот) и
- Се објавува на ВЕБ страната на Општината 30 дена

(Одлука за спроведување на Стратегиска оцена, Формуларот, Нацрт Извештајот, Соопштението);

- По спроведување на Јавната презентација се работи :
- Предлог верзија на Извештајот за Стратегиска оцена за заштита на животната средина.
- Од Министерство за животна средина се бара Мислење по Предлог т.е. финалната верзија на Извештајот за Стратегиска оцена за заштита на животната средина;

По добивање на позитивно Мислење истото ќе биде вградено во предлог на Генерален урбанистички план, Предлог на Урбанистичкиот План вон населено место или Урбанистички проект по член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр. 32/20 и 111/23);

- Од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се бара мислење на земјоделско земјиште (ако е УПС или УПВНМ) во градежно земјиште во границите на опфатот за таа цел потребно е да се обезбедат:
- Копија од Програмата за изработка на Урбанистички планови;
- Планска Програма/Проектна програма;
- Геодетска подлога;
- Топографска карта;
- Список на индикации на катастарски парцели кои влегуваат во опфатот (од Агенција за катастар на недвижности);
- Оригинални имотни листови за парцели кои влегуваат во опфатот;

По обезбедување на сите погоре наведени прилози се пристапува кон изработка на:

- Предлог Урбанистички план ( го изработува изготвувачот на Планот);
- Се бара Согласност по Предлог Урбанистичкиот план од Министерството за транспорт и врски;

- По добивање на Согласност од Министерството за транспорт и врски по предложената Урбанизација се носи:
- Одлука на Совет на Општина за Усвојување на Предлог Урбанистичкиот план.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди од:

1. Финансирање од Локалната самоуправа од буџет и
2. Агенција за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој.
3. Самофинансирање од страна на правни и физички лица

Финансирањето на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови од општина Кавадарци ќе биде предвидена во Буџет на Општина Кавадарци и од физички и правни лица, а во согласност со член 40, став 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ"бр. 32/20 и 111/23) и во согласност со Тарифникот за вредност на работи од урбанистичко планирање како и во согласност со член 40, став 3 и член 81 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ"бр. 32/20 и 111/23).

Глава: **I. Урбанистички планови финансирани од Буџет на Општина Кавадарци, се додаваат насловите кои гласат:**

| | **I. Урбанистички планови финансирани од Буџет на Општина Кавадарци** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **реден број** | **Назив на урбанистички план** | **Површина на Опфат** | **Граница на опфат** | **Намена на Површини** |
| 1. | **Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Кавадарци со населбите Ваташа и Глишиќ** | | | |
| 2. | **ДУП за населба „Страшо Пинџур" за УЕ 6, Блок 6.9, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** | ~4,95 ха | -од север граничи со бул. „Моша Пијаде"<br>-од исток граничи со бул.„Западен Булевар"<br>-од југо-запад ул. „Индустриска" | А1- домување во станбени куќи<br>Е-инфраструктура |
| 3. | **ДУП за УЕ 7, дел од Блок 7.1 „Индустриска Зона -Запад'', КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | ~21,3 ха | -од север граничи со граница на ГУП<br>-од исток граничи со СЕ 3 Сервисна улица.„Индустриска" по ДУП<br>-од југ граничи со Сервисна улица 15 по ГУП<br>- на запад граничи со наменска зона по ГУП | Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори<br>Г4-Стоваришта, складови и отпади |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | **ДУП за УЕ 7, дел од Блок 7.3 „Индустриска Зона -Југ'', КО Кавадарци, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци** | ~12,5 ха | -од север граничи со Сервисна улица 15 по ГУП<br>-од исток граничи со Сервисна улица 15 по ГУП<br>-од југ граничи со Сервисна улица 8 по ГУП<br>- на запад граничи со наменска зона по ГУП | Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори<br>Г4-Стоваришта, складови и отпади |
| 5. | **ДУП за УЕ 11, УЕ 12 и УЕ 14, дел од Блок 11.3, дел од Блок 12.1, Блок 12.3 дел од Блок 14.1 и Блок 14.2, „Лазо Асијата'', Општина Кавадарци** | ~20 ха | | А1 - домување во станбени куќи<br>Д4-Меморијални зелени простори и гробишта<br>Е-инфраструктура |
| 6. | **ДУП за УЕ 3, УЕ 4, Блок 3.2, дел од Блок 4.1, „Рајко Жинзифов'', Општина Кавадарци** | 57,92 | | |
| 7. | **Детален урбанистички план за УЕ 9, дел од Блок 9.2, дел од Блок 9.3 и дел од Блок 9.4, населба „Бел Камен со Градски гробишта'', Општина Кавадарци** | ~44ha | на север - наменска зона по ГУП, ул. Бел Камен, осовина на улици по усвоен ДУП за дел од УБ 18К и 19К, населба „Бел Камен" , Сервисна улица 3 по ГУП- на исток- Осовина на Регионален патен правец Р1103-Мотел Дреново-Лакавица (Магистрална улица М1) | А1–Домување во куќи<br>А2–Домување во згради<br>В1-Образование и наука<br>Г2-Лесна и преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи извори<br>Г4-Стоваришта,<br>Д1-парковско и пејсажно зеленило<br>Д2-заштитно и сообраќајно зеленило<br>Д4-Меморјални зелени простори и гробишта |
| 8. | **ДУП за УЕ 14, дел од Блок 14.8, Блок 14,9, „Ваташа'', Општина Кавадарци** | 22,35ха | | А1–Домување во куќи<br>В3-Култура<br>В5.1-Цркви<br>Г2-Лесна и преработувачка и помалку загадувачка индустрија<br>Г3-Индустрија за склопување на финални производи, сервисни услуги и производсво на енергија од обновливи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | извори<br>Г4-Стоваришта,<br>Д1-парковско и пејсажно зеленило<br>-Е2-Згради и комплекси на инфраструктурните системи |
| 25. | ЛУПД за уредување на просторот со намена Б5-хотелски комплекси и формирање на ГП 1, на дел од КП 968, и дел од КП 1107, КО Конопиште, Општина Кавадарци | 1,48 | | 11-2827/35 од 15.12.2020 | Донесен |
| 26. | ЛУПД за Б5-хотелски комплекси (Угостителски | 2,74 | | 11-1337/19 од 03.09.2021 | Донесен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | капацитети) на КП 436, КП 438/1, КП 438/2, КП 439, КП 440, КП 157, КП 158, КП 159, КП 160, КП 162, КП 163/1, КП 163/2, КП 163/3 КО Бегниште, Општина Кавадарци | | | | |
| 27. | ЛУПД за Лесна и незагадувачка индустрија – Г2, на КП 8501, Кавадарци 1, Општина Кавадарци | 1,006 | | 11-2044/17 од 07.09.2022 | Донесен |
| 28. | ЛУПД за Е2 – Комунална супраструктура (Фотоволтна централа) на КП бр. 8000/1, КП бр. 8000/2 и КП бр. 8000/3, К.О. Кавадарци вон град, Општина Кавадарци | 1,6 | | 11-4015/3 од 07.09.2022 | Донесен |
| 29. | ЛУПД за уредување на просторот со намена А1-Домување во станбени куќи на КП 2243-дел, КП 2244, КП 2245-дел, КП 2246/1-дел, КП 2246/2, КП 2247-дел, КП 2248, КП 2249-дел, КП 2250, КП 2251/1, КП 2251/2, КП 2252-дел, КП 2253-дел, КП 2255, КО Ваташа, Општина Кавадарци | 2,47 | | 11-3614/7 од 30.09.2022 | Донесен |
| 29. | Локална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена А1-Домување во станбени куќи на КП 2243-дел, КП 2244, КП 2245-дел, КП 2246/1-дел, КП 2246/2, КП 2247-дел, КП 2248, КП 2249-дел, КП 2250, КП 2251/1, КП 2251/2, КП 2252-дел, КП 2253-дел, КП 2255, КО Ваташа, Општина Кавадарци | 2,48 | | 11-3614/7 од 30.09.2022 | Донесен |

Годишна анализа во спроведување на планови во Општина Кавадарци за 2023 год.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Општ акт** | | | |
| Ред. бр. | Назив на план | Одлука на Совет | ha | Плански период | Анализа |
| 1. | Општ акт за населено место Чемерско, Општина Кавадарци, кое нема урбанистички план | 07-4158/10 од 31.08.2016 | 19,96 | нема | Општа документација и основ за изработка на УП |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука на донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/39** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука на донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/40** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен Весник на Република Македонија,, бр.5/2002), а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), и член 20 став 3 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/20 и 111/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци го донесува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025.

Документацијата за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025, е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) и „Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање (,,Службен весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (,,Службен весник на РМ" бр.142/15.).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025, е со вкупна површина од 8,26 ха**.**

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3", КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025.

- Согласност од Министерството за транспорт и врски 21-1460/5 од 18.12.2023 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025, ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со број на постапка 15523.

**Член 6**

Општина Кавадарци ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 5, Блок 5.2 и Блок 5.3, „Опитно поле 3“, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025, ќе го објави во електронска форма на својата интернет страна.

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник” на Општина Кавадарци.

**Бр.08-7480/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/02), а во врска со член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ” бр.32/20, 111/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на**
**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА

Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

Се донесува УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука, ( во натамошен текст: урбанистички проект).

Границите на новопредвидената градежната парцела се преклопуваат со границите на катастарските парцели.

Проектниот опфат, изнесува 19686m$^2$.

**Член 2**

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИсо тех.бр. 0801-06/23 Ноември, 2023 година изработена од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**.**
- Проектна програма за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, потпишана од инвеститор Општина Кавадарци.
- Извештај од извршена стручна ревизија на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**, со Технички број 09-09/256 од 10.2023 година, изработена од ДППТУ ФОРМИ Јорго ДООЕЛ Битола;
- ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.1 со арх.бр.11-7081/2 од 11.11.2022 година;
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.2 со арх.бр.11-7081/3 од 11.11.2022 година;
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.3 со арх.бр.11-7081/4 од 11.11.2022 година;
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.4 со арх.бр.11-7081/5 од 11.11.2022 година;
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.5 со арх.бр.11-7081/6 од 11.11.2022 година;

- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.6 со арх.бр.11-7081/7 од 11.11.2022 година;
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.7 со арх.бр.11-7081/8 од 11.11.2022 година;
- Извод од УП вон населено место за иградба на винари на дел од КП 926 КО Ресава, за ГП 1.8 со арх.бр.11-7081/9 од 11.11.2022 година.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и графички приказ на планските и проектните решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
-

**Член 4**

Одлуката за донесување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИтех.бр. 0801-06/23 Ноември, 2023 година изработена од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука е Графички прилог од урбанистичкиот проект – План за парцелација М=1:1000.

**Член 6**

Со прикачување во електронска форма на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, истиот станува составен дел од електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем Е-урбанизам со бр. на постапка 49767.

**Член 7**

Општина Кавадарци - УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (СПОЈУВАЊЕ НА ГП 1.1, ГП 1.2, ГП 1.3, ГП 1.4, ГП 1.5, ГП 1.6, ГП 1.7 И ГП 1.8), СО НАМЕНА Г2.9 -ВИНАРИИ, ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВИНАРИИ, НА ДЕЛ ОД КП 926, КО РЕСАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ќе го објави во електронска форма на својата WEB страна.

**Член 8**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7480/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Програма за Локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за Локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/41** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ( ,,Сл. Гласник на општина Кавадарци,, бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**Програма за Локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година**

**ВОВЕД**

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2024 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Секторот за Развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Кавадарци.

Програмата за развој воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации, од домашни и меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата и очекуваните кохезиони фондови.

Програмата и програмските активности се усогласени со Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030, Нацонална развојна стратегија 2021-2041, Националната стратегија за интеграција на РМ во Европската Унија, Стратешкиот документ за помош на земјата од ЕУ за периодот 2021-2027, Националната Стратегија за земјоделство и рурален Развој за 2021-2027, Програма за развој на Вардарскиот плански регион 2021-2026, Регионална програма за инклузивен туризам 2021-2024, Програма за локален економски развој и децентрализација 2021-2026 година, Агенда 21 и последните промени од РИО+20. Програмата за локален економски развој на општина Кавадарци за 2024 година се изработи и врз основа на форумиски сесии и средби со граѓани.

**Цели на програмата**:

- Подобрување на животниот стандард на граѓаните на општина Кавадарци,
- Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, и промоција на општината,
- Диманичен локален економски развој преку континурано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување на добра бизнис клима,
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план,
- Спроведување на стандарди за квалитет во општината, сертифицирање и подобрување на услугите,
- Воведување на иновативни услуги со целосна дигитализација на секторот за Локален економски развој,
- Подобрување на инфраструктурата како предуслов за Локален економски развој и подобар животен стандард.

**НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

Носител на Програмата за Развој е Секторот за Локален економски развој на општина Кавадарци кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви оваа Програма и истиот ќе биде одговорен за реализација на програмските активности. Секторот за Локален економски развој е кадровски екипиран со високо стручен кадар, одговорни за спроведување на програмските активности.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програма ќе се реализира од следниве извори на Финансирање:

1. Буџет на Општина Кавадарци,
2. Буџетот на Република Северна Македонија,
3. Меѓународни донатори,
4. Фондови достапни по Програми на Европска Унија
5. Буџет на Вардарски плански регион,
6. Донации од приватниот Сектор.

Програмата е концепирана во следниве поглавја:

1. Локален развој/Регионален развој
2. Рурален развој
3. Туризам
4. Екологија- Енергетска ефикасност
5. Развој на информатичка технологија
6. Образование и Социјала
7. Извори на финансирање

## *1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ / РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ*

**1. Прекугранична соработка**

По ИПА програмата за програмскиот период 2021-2027 за прекугранична соработка со Грција. Секторот за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од Грчката страна, на кои што ќе се дефинираат приоритетните области и проекти кои ќе бидат усогласени со ИПА програмските цели и ќе се изработат конкурентни апликации.

**2. Проект за изградба и рехабилитација на локални патишта**

Во претходната година се реализирани проектите од 3та фаза. Целосно се реализирани следниве улици ,,ул.Максим Горки", ,,ул.Димката Ангелов Габерот", ,,ул.Слога" и ,,ул.Вељко Влаховиќ". Во текот на 2024 година ќе се реализираат проекти од третата фаза кои се целосно финансисрани од страна на Светска Банка а имплементиран преку Министерство за транспорт и врски, односно реконструкција на улиците:

- Целосно реконструирање на улица ,,25-ти Мај" со асфалт и тротоар, во должина од 440 метри . Вкупна вредност на овој проект изнесува 4.450.000,00 денари.,

- Целосно реконструирање на улица ,,Ѓорѓи Соколов" со асфалт и тротоар, во должина од 290 метри . Вкупна вредност на овој проект изнесува 4.650.000,00 денари.

**3. Стратегија за Локален економски развој 2023-2027**

Стратешкото планирање за локалниот економски развој на Општина Кавадарци претставува темелна алатка за планирање на развојот на општина Кавадарци, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Методологијата со која се изработува Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги следи Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, и истата е усогласена со сите тековни и релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локален економски

развој за Општина Кавадарци ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Кавадарци.

4. **Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара, со партерно и урбано уредување**

Проектот за "Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара со партерно и урбано уредување", се аплицира од страна на Вардарскиот плански регион во претходната година согласно Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2021-2026 година. Овој проект опфаќа реконструкција на регулирано речно корито на реката Луда Мара почнувајќи од улицата Видое Смилевски до Градската болница во должина од 680 метри. Во 2024 година ќе се реализира дел од "Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара со партерно и урбано уредување". Вардарски плански регион учествува со 7.000.000,00 ден а од општина Кавадарци 2.000.000,00 денари. Овој проект ќе се реализира во 2024 година.

5. **Изградба на Спортски терен на отворено (картинг)**

Проектот за "Изградба на Спортски терен на отворено (картинг)", се аплицира од страна на Вардарскиот плански регион во претходната година согласно Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2021-2026 година. Во 2024 година ќе се реализира проектот "Изградба на Спортски терен на отворено (картинг)".Вкупната вредност на проектот е 10.000.000,00 денари. Вардарски плански регион учествува со 7.000.000.,00 ден а од општина Кавадарци со 3.000.000,00 денари. Овој проект ќе се реализира во 2024 година.

6. **Министерство за локална самоуправа – намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година**

Општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира по јавниот повик од Министерството за локална самоуправа за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони со проект ,,Проширување на ул.Западен Булевар трета лента''.

7. **Проект за реконструкција на локален пат од Кавадарци до с.Дисан**

Општина Кавадарци има изготвено проектна документација за ,,Реконструкција на локален пат од Кавадарци до с. Дисан" во должина од 1,850м. Вкупната должина на локалниот пат изнесува 6200м и истиот минува низ територијата на општина Кавадарци и општина Неготино. Вкупната вредност на делот од проектот што се наоѓа во општина Кавадарци е во висина од 29.423.430,00 денари, додека делот од патот што се наоѓа во општина Неготино е 62.809.819,00 денари. Проектот ќе се реализира во 2024 годинан со негово аплицирање во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Министерство за транспорт и врски.

8. **Пакомак 2024**

Општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира на конкурсот за избор на најеколошка општина кој го распишува Пакомак. Конкурсот се однесува на сите активност и резултати во делот на екологијата постигнати во претходната година.

**9. <u>Проект за тампонирање на пат на инфраструктура</u>**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион во 2024 година ќе аплицира со проект за приспособување на патна инфраструкутра за пристап до земјоделско земјиште. По распишување на повикот ќе се дефинира приоритетната област и ќе се аплицира со соодветен проект. Овој проект ќе се реализира во 2024 година.

**10. <u>Развој на урбани подрачја – 2023</u>**

Општина Кавадарци во соработка со Бирото за Регионален Развој во претходната година аплицира со проект за ,,Реконструкција на улица Ресавска". Вкупната вредност на проектот изнесува 3.803.207,00 денари, од Буџетот на општина Кавадарци средства во износ од 1.803.207,00 денари а остатокот од 2.000.000,00 денари од Бирото за Регионален Развој. Овој проект ќе се реализира во 2024 година.

**10. <u>Развој на урбани подрачја- 2024</u>**

Бирото за регионален развој секоја година распишува Јавен повик за развој на урбани подрачја. Општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира со проектот ,,Реконструкција на ул. Задругарска".

**11. <u>Стратегија за роми 2024</u>**

Министерството за транспот и врски секоја година распишува Јавен повик за поддршка на имплементација на декадата и стратегија за ромите. Општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира со проектот ,,Потпорна конструкција на ѕид на Булевар Македонија". Вкупната вредност на проектот изнесува 2.000.000,00 денари.

**12. <u>Соработка помеѓу општина Кавадарци и Агенција за млади и спорт</u>**

Со цел развој на спортот во општина Кавадарци, во 2024 година е предвидено да се аплицира со проект за реконструкција на игралиште, партерно уредување со рекреативни содржини и поставување на тартан патека на Спортски центар Јасмин до Агенцијата за млади и спорт.

## *2. <u>РЕГИОНАЛЕН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ</u>*

Во 2024 година, општината ќе ја искористи можноста за аплицирање за финансирање на проекти за развој на планските региони врз основа на предложени проекти од советите за развој на планските региони.

**<u>Биро за регионален развој</u>**

**1. <u>Развој на подрачја со специфични развојни потреби 2024</u>**

По Јавниот повик за развој на подрачјата со специфични развојни потреби кој секоја година се објавува од страна на Бирото за регионелен развој, општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира за: ,,Реконструкција на локален пат во село Чемерско”.

2. **Развој на подрачја со специфични развојни потреби 2023**

По Јавниот повик за развој на подрачјата со специфични развојни потреби кој секоја година се објавува од страна на Бирото за регионелен развој, општина Кавадарци претходната година аплицира: Реконструкција на локални патишта во селата Бохула. Вкупна вредност на проектот е 6.188.244 денари, од општина Кавадарци 3.188.244 денари а остатокот од 3.000.000 од Бирото за регионален развој.Потпишан е Договор со Биро за регионален развој и овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

3. **Развој на села 2024 год.**

По Јавниот повик за развој на села кој секоја година се објавува од страна на Бирото за регионелен развој, општина Кавадарци во 2024 година ќе аплицира со Проект за ,,Реконструкција на локален пат од с.Ресава до брана Тиквеш”.

4. **Развој на села 2023 год.**

По Јавниот повик за развој на села кој секоја година се објавува од страна на Бирото за регионелен развој, општина Кавадарци во претходната година аплицира со Проект за реконструкција на локален пат од с.Бојанчиште до река Блашница(влив на Тиквешко езеро). Вкупна вредност на проектот изнесува 5.999.415,00 денари. Сопствено учество во износ од 3.349.415,00 денари, остатокот од 2.650.000,00 денари од Биро за регионален развој. Потпишан е Договор со Биро за регионален развој и овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

5. **Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој**

Согласно програмата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за 2024 година општина Кавадарци ќе аплицира со проекти по четирите мерки и тоа:

-Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини – (Реконструкција на локален пат од с.Ресава до с.Дабниште). Вкупна вредност на проектот е 37.200.000,00 денари.
-Мерка 322 – Обнова и развој на села – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните средини - (Реконструкција на локален пат с.Рибарци – с.Сопот). Вкупна вредност на проектот е 50.353,889,00 денари.
-Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните средини – (Реконструкција на локален пат во село Гарниково). Вкупна вредност на проектот е 14.925.378,00 денари.

-Мерка 124 – Пристап до земјоделско земјиште - Општина Кавадарци

## 3. *ТУРИЗАМ*

### 1. Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот

Министерството за економија секоја година распишува Јавен повик за субвеницонирање на проекти за туристички манифестации, проекти и одржување на форуми од областа на туризмот. Максималните финансиски средства според правилникот се во висина од 120.000,00 денари. Општина Кавадарци во 2024 година, ќе аплицира за субвенционирање на манифестацијата Тиквешки гроздобер, како најголема манифестација во градот.

### 2. Техничка поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на годишна основа распишува оглас за техничка поддршка за организирање и спроведување на манифестации за промоција на земјоделски производи во висина од 120.000,00 денари. Општина Кавадарци во 2024 година, ќе аплицира со проект за промоција на земјоделски производи (грозје, вино, ракија, маџун, гроздов сок, и останати производи од локални производители) кој што ќе го збогатат Тиквешкиот гроздобер како и промоција и развивање на Градска Винотека и Винскиот Музеј.

### 3. Финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот секоја година објавува Јавен повик за Финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации. Секоја општина/здружение, може да аплицира за грант средства во висина до 120.000,00 денари. Општина Кавадарци во 2024 година ќе ја искористи можоста за финансиска поддршка со тоа што ќе апицира со соодветен проект.

### 4. Проект "Изработка на сувенири за туристички цели (магнети, разгледници, подметачи за чаши, привезоци)"

Реализацијата на овој проект би придонела за промовирање на општина Кавадарци како туристичка дестинација кои ќе бидат наменети за посетители, туристи како и странски делегации. Проектот ќе биде финасиран од буџетот на општина Кавадарци во износ од 250.000,00 денари и истиот ќе се реализира во 2024 година.

### 5. Проект "Изработка на пропаганден туристички материјал (брошури, мапи и разгледници)"

Изработката на туристичкиот пропаганден материјал има за цел да ја промовира општина Кавадарци како туристичка дестинација од алтернативен карактер. Во брошурите ќе биде наведено се што преставува компаративна предност на регионот, но во исто време да ги потенцира можностите за практикување на различни видови туризам кои ги нуди општината. Проектот ќе се реализира во 2024 година.

6. **Проект "Ревитализација на Стражарската кула до поранешното музичко училиште"**

Стражарската кула има особено значење за историјата на општина Кавадарци и воедно претставува културен споменик кој е заштитен од страна на Министерството за култура како културно наследство од највисок степен. Со реставрација на овој културен споменик општина Кавадарци ќе добие место на светската туристика мапа со што ќе овозможи зголемена заинтересираност за посета на општина Кавадарци од страна на посетители кои се љубители на културниот туризам. Овој проект ќе се финансира со грант средства од индивидуални инвеститори.

7. **Проект "Поставување на патокази во десет селските месни средини како и на дел од локалните патни правци"**

Проектот има за цел да ги насочи посетителите за полесно пронаоѓање на дадена туристичка атракција (излетничко место, културен споменик, верски објект). Предвидено е поставување на 70 метални столбови со 350 патоказни знаци. Проектот ќе се реализира во 2024 година.

8. **Меѓуопштински проект за заштита на културното наследство во соработка со асоцијацијата Градови-Градови од Р.Франција**.

Општина Кавадарци учествува во меѓуопштински проект за заштита на културното наследство во соработка со асоцијацијата Градови-Градови од Р.Франција.

9. **Техничка поддршка и активно учество во „ЛАГ"- Локална акциона група**

Локална акциона група (ЛАГ) е организација во која членуваат општините од Тиквешкиот регион: општина Кавадарци, општина Росоман, општина Градско и општина Неготино како и невладиниот и бизнис секторот од горенаведените општини. Локалната акциона група преставува мрежа на здружување основана согласно „ЕУ-ЛИДЕР" пристапот за развој на локалниот економски развој.

10. **Организација за управување со дестинации (Destination management organization - DMO)**

Општина Кавадарци во соработка со Вардарски плански регион има за цел да започне активна соработка во делот на креирање на организација за управување со дестинации (ДМО). Вардарски плански регион ќе има водечка улога во креирањето на организацијата во која ќе учествуваат сите активни чинители кои имаат големо значење за развој на туризмот во регионот.

## 4. ЕКОЛОГИЈА

1. **Програма за намалување на аерозагадување**

Владата на Република Северна Македонија во текот на 2024 година, објавува Јавен повик за реализацијата на Програмата за намалување на аерозагадувањето. Согласно критерумите за аплицирање во делот на енергетската ефикасност, и тоа за промена на системот за греење, промена на прозорци и врати, градинки, основни и средни училишта, здравствени објекти и административни објекти, општина Кавадарци ќе аплицира со сопствени проекти согласно потребите на наведените институции.

2. **<u>Проект со УСАИД (Инвестиции во енергија до општините во Македонија за изразување на интерес за поддршка при изработка на техничка документација за општински проекти од областа на енергетиката) поставување на фотоволтаични системи на селдниве објекти</u>**:

Општина Кавадарци во претходната година аплицира по јавен повик од УСАИД за изработка на техничка документација за поставување на фотоволтаични системи.Во текот на 2024 година се очекува техничката документација да биде изготвена.
Аплицирани се следниве објекти:

- ООУ Гоце Делчев Кавадарци;
- ООУ Тошо Велков Пепето Кавадарци;
- ООУ Страшо Пинџур Кавадарци;
- ООУ Димката Ангелов Габерот Кавадарци;
- ПОУ Димката Ангелов Габерот Ваташа;
- СОУ Добри Даскалов Кавадарци;
- СОУ Ќиро Спанџов Брко Кавадарци;
- СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци;
- ЈП Паркинг;
- ЈП Превоз;
- Библиотека Феткин;
- Дом на култура Иван Мазов Климе;
- ПОУ Страшо Пинџур с.Возарци;
- Градинка Сонце;
- Општински ученички дом;
- ЈП Комуналец;
- ООМБУ Лазо Мицев Рале;
- Градинка Петар Пан;
- Градинка Ѕвончица.

3. **<u>Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) – Министерство за финансии</u>**

Општина Кавадарци е во фаза на реализирање на проектот ,,Поставување на фотоволтаични системи на јавни институции во општина Кавадарци” на следните јавни институции:

- ПОУ “Страшо Пинџур” - с.Дреново;
- ПОУ “Страшо Пинџур” - с.Марена;
- ПОУ “Димката Ангелов-Габерот” – с.Сопот;
- ЈОУДГ “Рада Поцева” (Објекти: Снежана, Гроздоберче, Изворче и Детелинка);
- Спортска сала Партизан

Со овој договор општина Кавадарци добива 80% од финансиските средства како долгорочно позајмување и 20% се доделуваат како грант средства. Проектот ќе продолжи да ги реализизра активностите и во текот на 2024 година.

4. **<u>Програма за работно ангажирање – Јавни работи</u>**

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, во наредната 2024 година, Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување објавуваат Јавен повик за јавни работи, за ангажирање на евидентирани невработени лица со ниски квалификации во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво, во период од 22

работни дена. Општина Кавадарци е апликант на јавниот повик за работно ангажирање-Јавни работи. Вкупната сума за едно лице изнесува 600 денари бруто по ден. Општина Кавадарци планира да аплицира за 20 лица. Проектот е во соработка со Центарот за вработување, при што Центарот врши трансфер на 80% од износот на средствата, а општина Кавадарци учествува со кофинансирање на останатите 20%. Потребно е да се предвидат вкупно 52.800,00 денари од Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година.

5. **Проект за субвенционирање на велосипеди**

Општина Кавадарци со цел да ги стимулира граѓаните за користење на велосипеди и да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за набавка на велосипед. Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 300.000,00 од Буџет на општината за 2024 година. Начинот и кретириумите за доделување на средствата за субвенционирање ќе се определат со посебен Правилник.

6. **Министерство за животна средина и просторно планирање -**

Општина Кавадарци во претходната година по Програма за подобрување на водната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија доби финансиски средства во износ од 60.918.812,00 денари. По таа Програма општина Кавадарци аплицираше со следниве проекти:

- **Изградба на водоводна и канализациона мрежа и реконструкција на каптажите во Моклиште – во износ од 30.586.718,00 денари**.Со концепцијата на техничкото решение се предвидува водоснабдување на населбата од постојните каптирани извори и изградба на нова водоводна мрежа. Се предвидува изградба на три кратки доводи од каптажите до нова собирна, краток довод од собирната шахта до нов резервоар и изградба на нов резервоар.Од новиот резервоар се предвидува изградба на главен доводен цевковод до населбата Моклиште во должина од 6.405км

- **Основен проект за намалување на загуби на вода со замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталација и конфигурација на опрема за отчитување во Општина Кавадарци – во износ од 18.445.342,00 денари**. Проектот се однесува на замена на стари куќни водомери со нови вертикални повеќемлазни водомери комплет со (Clip ON) радио модул како и ултразвучни водомери со интегриран радио модул и нивна интеграција во системот за далечинско отчитување на Општина Кавадарци.

- **Изградба на атмосферска, фекална канализација и водоводна линија во ДУП за дел од ЕУ5, блок 5.9, "Вељко Влаховиќ", КО Кавадарци во износ од 18.010.038,00 денари**. За предвидената улица "Вељко Влаховиќ"во ДЕЛ ОД ЕУ 5 , БЛОК 5.9 , КО Кавадарци , Општина Кавадарци е потребно да се изведе водоводна мрежа , фекална и

атмосферска канализација со цел предвидените улици да се поврзат на градската водоводна мрежа и канализационите колектори. Во согласност со Хидротехничките услови и консултациите направени со овластеното лице од ЈП Комуналец , се предвидува предметната водоводна линија , да се поврзе со постојна водоводна линија ф 250 мм , на "Западен булевар" , фекалната канализација од предметната улица да се поврзе на постојна фекална канализација на "Северен булевар", а атмосферската канализација да се вклучи на спојот со ул."Цветан Димов". Техничкото решение произлегува од информациите добиени од геодетските снимања, важечкиот ДУП, постојната инфраструктура.

- **Реконструкција на водоводна линија за село Страгово во износ од 13.058.879,00 денари**. Предмет на овој проект е реконстукција на водоводната линија за с.Страгово, општина Кавадарци со цел надминување на проблемите со снабдувањето со хемиски, физички и бактериолошки чиста вода, а со тоа и овозможување на поквалитетни услови за живеење во овој локалитет.

Во тој поглед во текот на 2024 година Општина Кавадарци ќе продолжи да работи на подобрување на условите за живот и во руралните средини.Затоа во тој поглед ги планира следните проекти со следната проценета вредност

- **Изградба на канализациона мрежа во село Фариш** - Проектот е во изработка и неговата вресност се проценува на 1.000.000,00 денари. Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Фариш, со што ќе бидат опфатени сите куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Изградба на колектор во с. Бегниште**. **Колекторот е со големина од 400m$^3$ со проценета вредност од 1.500.000,00 денари.** Колекторот ќе ја опфати изградбата на колекторскиот систем до локацијата предвидена за прочистителна станица. Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Изградба на канализациона мрежа во село Дабниште** - **Проектот е со проценета вредност од 3.000.000,00 денари**. Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Дабниште, со што ќе бидат опфатени сите

куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Изградба на канализациона мрежа во село село Чемерско** - **Проектот е со проценета вредност од 2.000.000,00 денари**. Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Чемерско, со што ќе бидат опфатени сите куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Изградба на канализациона мрежа во село село Крњево** - **Проектот е со проценета вредност од 3.000.000,00 денари**. Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Крњево, со што ќе бидат опфатени сите куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Изградба на канализациона мрежа во село Бојанчиште - Проектот е со проценета вредност од 3.000.000 денари**. Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Бојанчиште, со што ќе бидат опфатени сите куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Изградба на канализациона мрежа во село Марена** - Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Марена, со што ќе бидат опфатени сите куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Бохула Чемерско- проект** - Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи фекална канализацијона мрежа за село Бохула - Чемерско, со што ќе бидат опфатени сите куќи во

селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

- **Мрежичко канализација -** Со цел развој на селски и руралните подрачја општина Кавадарци ќе инвестира во нова канализациона мрежа. Со реализацијата на овој проект ке се изработи канализациона мрежа за село Мрежичко, со што ќе бидат опфатени сите куќи во селото.Финансиските средства за овој проект во 2024 година општина Кавадарци ќе ги обезбеди од домашни и странски агенции и институции.

## 5. *РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ*

Во текот на 2024 година, планирано е да се изврши подобрување во системот на информатичка технологија и телекомуникацииво општина Кавадарци:

1. **Надградба и одржување на систем за обработка на урбанистички планови и зелен катастар - ГИС систем.** Во буџетот за 2024 предвидени се вкупно 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.
2. **Одржување на сервер, компјутери, мрежна опрема и одржување на телефонска централа и систем за работно време.** Во буџетот за 2024 да се предвидат 150.000,00 денарисо вклучен ДДВ.
3. **Изнајмување на оптичко влакно за потребите на Save city – 42 локации**. Во буџетот за 2023 да се предвидат 450.000,00 денари со вклучен ДДВ.

4. **Одржување на видео надзор на град Кавадарци.** Во буџетот за 2023 да се предвидат 250.000,00 денари со вклучен ДДВ.

5. **ИТ опрема (компјутери,лаптоп,фиксни телефони) за тековните потреби на општинската администрација**. Во буџетот за 2024 да се предвидат 400.000,00 денари со вклучен ДДВ.

6. **Набавка на антивирусен софтвер за 100 клиенти во времетраење од три години.** Во буџетот за 2023 година да се предвидат 300.000,00 денари со вклучен ДДВ. Антивирусен софтвер ќе се реализира од 2023 до 2025 година со што се исплаќаат средства кои се предвидени со буџетот од 2023 година и истите тие средства се прфрлаат во 2024 година.

7. **Набавка на хостинг услуги за потребите на општина Кавадарци, за хостирање на официјалната веб страна на општината и службените мејлови.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

8. **Одржување на ЕРП софтвер во Сектор за финансии**. Во буџетот за 2024 година да се предвидат 250.000,00 денари со вклучен ДДВ.

9. **Одржување на софтвер за менаџирање на податоци.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 250.000,00 денари со вклучен ДДВ.

10. **Набавка на услуги за изнајмување на принтери како и нивно месечно одржување и промена на тонери.** Од буџетот за 2024 година да се предвидат 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

11. **Набавка на персонални сертификати за потребите на општинската администрација издадени на токен или на компјутер.** Од буџетот за 2024 година да се предвидат 120.000,00 денари со вклучен ДДВ.

12. **Набавка на SSL сертификати (безбедносни сертификати за сите официјални домеин адреси).**Од буџетот за 2024 година да се предвидат 30.000,00 денари со вклучен ДДВ.

13. **ГПС - систем за лоцирање на општинските возила на моменталната позиција.** Од буџетот за 2024 година да се предвидат 240.000,00 денари со вклучен ДДВ.

14. **Одржување на клима уреди во во општинската зграда.** Од буџетот за 2024 година да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

15. **Набавка на нови камери со нови позиции во модулт Save city .** Од буџетот за 2024 година да се предвидат 1.200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

16. **Набавка на лиценци за користење на Агрометеоролошки станици на територија на Општина Кавадарци.**Од буџетот за 2024 година да се предвидат 350.000,00 денари со вклучен ДДВ.

***6. ОБРАЗОВАНИЕ И СОЦИЈАЛА***

**1. Проект за подобрување на социјалните услуги**

Министерството за Труд и социјална политика и Општина Кавадарци го потпишаа Договорот за Грант за подобрување на социјалните услуги во општина Кавадарци во висина од 10 889 000 денари. Овој проект се реализира во партнерство со Црвен Крст од општина Кавадарци, кои делуваат како даватели на услуги. Услугата обезбедува помош во вршење на основни (лична хигиена, облекување, мобилност во домот, хранење, користење тоалет, менување на пелени) и инструментални (поддршка при чистење, посредување за поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија) активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои неможат сами да се грижат за себе, со цел да продолжат да живеат во сопствениот дом и да водат независен живот во заедницата. Услугата опфаќа грижа на минимум 74 стари лица, кои ја добиваат услугата согласно Правилникот за начинот и обемот на социјалните услуги, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги помош и нега во домот. („Службен Весник на РСМ“ бр.268/2019). Во 2021 година сертификати за работа со стари лица им се доделени на 20 лица. Исто така набавено е возило за поефикасно извршување на услугите во руралните средини. Овој проект ќе продолжи непречено да се реализира и во 2024 година.

**2. Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци за 24 корисници” - Министерство за труд и социјална политика**

Општина Кавадарци потпиша Договор со Министерството за труд и социјална политика претходната година со цел реализација на проектот ,,Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци за 24 корисници” и негово опремување.Вкупната вредност на проектот изнесува

40.856.910,00 денари. Опремувањето на Дневниот Центар е во целост финансиски поддржан од Министерството за труд и социјална политика. Општина Кавадарци од буџетот за 2024 година обезбеди 10% кофинансирање во износ од 4.085.691,00 денари. Проектот ќе се реализира во 2024 година.

3. **Проект ,,Општинско корисна работа", финансиски поддржан од УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика**.

Проектот за општинско- корисна работа е финансиски поддржан од програма на Обединетите нации –УНДП и Министерството за Труд и Социјална политика.

На територијата на општина Кавадарци се реализира во периодот од 01.07.2023 до 30.06.2024 година. Времено се ангажирани 16 невработени лица, за период од 9 месеци од кои 12 лица се во Сервисот за негуватели на стари лица и лица со попреченост, 3 лица се волонтери во Банка за храна и 1 лице е асистент за ученик во средно училиште , со работен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 9000 денари бруто. Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице и осигурување од повреда при работа. Ангажманот на лицата се состои од пружење елементарна помош на достава на намирници до стари лица, помагање во Банка за храна и помагање на средношколците кои имаат пречки во развојот или телесен инвалидитет

Вкупната вредност на проектот изнесува 1.295.000,00 денари од кои 1.036.000,00 денари се обезбедени од УНДП а остатокот од 259.200,00 денари се од буџетот на Општина Кавадарци. Со оглед на тоа што проектот е во тек и е исплатен првиот квартал, во буџетот на општина Кавадарци за 2024 година треба да се предвидат 176.400.00 денари.

4. **Проекти за изградба и реконструкција на основни и средни училишта во општина Кавадарци - Министерство за образование**

Општина Кавадарци по Програма за изменување и дополнување на програмата за изградба и реконструкција на основни и средни училишта од страна на Министерство за образование ги доби следниве проекти:

**- Промена на кров во ОУ "Тошо Велков Пепето" – Кавадарци.** Вкупната вредност на одобрени средства за овој проект е 476.947,00 денари од Министерство за образование. Овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

- **Реконструкција на кабинети во СОУ Гимназија "Добри Даскалов".**Вкупната вредност на одобрени средства за овој проект е 10.000,00 денари од Министерство за образование. Овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

**- Реконструкција на ограден ѕид со цел оградување на училиштето и училишниот двор за заштита и безбедност во ООУ "Гоце Делчев".**Вкупната вредност на одобрени средства за овој проект е 10.000,00 денари од Министерство за образование. Овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

**- Реконструкција на санитарии, подови, електрика и машинство во ООУ ,,Димката Ангелов Габерот" Кавадарци**. Вкупната вредност на одобрени средства за овој проект е 8.700.000,00 денари од Министерство за образование. Овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

5. **<u>Реконструкција на спортски сали во ООУ “Гоце Делчев“ и СОУ Гимназија “Добри Даскалов“ Општина Кавадарци</u>**

Министерството за образование и наука доби Грант средства од Банката за развој при Советот на Европа со поддршка на земјите донатори - Шведска, Норвешка, Австрија и Германија и со Делегацијата на ЕУ во Скопје за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали и за набавка на нова спортска опрема за вкупно 50 спортски сали. Во Општина Кавадарци се аплицирани две спортски сали за реконструкција и набавка на нова спортска опрема односно училиштата ООУ “Гоце Делчев“ и СОУ Гимназија “Добри Даскалов“ - општина Кавадарци. Проектите се целосно финансиски подржани од Министерството за образование и наука и активностите ќе се реализираат во 2024 година.

***<u>7.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА</u>***

**<u>- Реконструкција на регулирано речно корито на река Луда Мара, со партерно и урбано уредување –</u>** Вкупната вредност на проектот 9.000.000,00 денари, од Вардарски Плански Регион 7.000.000,00 денари, од Општина Кавадарци во буџетот за 2024 година треба да предвиди финансиски средства за кофинасирање во висина од 2.000.000,00 денари.

- **<u>Изградба на Спортски терен на отворено (картинг) –</u>** Вкупната вредност на овој проект е 10.000.000,00 денари, од Вардарски Плански Регион 7.000.000,00 денари, од Општина Кавадарци во буџетот за 2024 година треба да предвиди финансиски средства за кофинасирање во висина од 3.000.000,00 денари.

**<u>- БРР Развој на урбани подрачја – 2023 година -</u> ,,Реконструкција на улица Ресавска”**

Вкупната вредност на проектот изнесува 3.803.207,00 денари, од Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година да се обезбедат средства во износ од 1.803.207,00 денари а остатокот од 2.000.000,00 денари од Бирото за Регионален Развој. Овој проект ќе се реализира во 2024 година.

**<u>-БРР Развој на подрачја со специфични развојни потреби 2023 - ,,</u> Реконструкција на локални патишта во селата Бохула<u>”.</u>**Вкупна вредност на проектот е 6.188.244 денари, од општина Кавадарци во Буџетот за 2024 година треба да се предвидат 3.188.244 денари а остатокот од 3.000.000 од Бирото за регионален развој.Потпишан е Договор со Биро за регионален развој и овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

- **БРР – развој на села** - Реконструкција на на локален пат од с.Бојанчиште до река Блашница(влив на Тиквешко езеро). Вкупна вредност на проектот изнесува 5.999.415,00 денари. Сопствено учество во износ од 3.349.415,00 денари треба да се обезбеди во Буџетот за 2024 година, остатокот од 2.650.000,00 денари од Биро за регионален развој. Потпишан е Договор со Биро за регионален развој и овој проект ќе се реализира во текот на 2024 година.

-**Проект “Изработка на сувенири за туристички цели(магнети, разгледници, подметачи за чаши и приврзоци“.** Општина Кавадарци за овој проект во буџетот за 2024 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 250.000,00 денари.

**-Програма за работно ангажирање – Јавни работи.** Проектот е во соработка со Центарот за вработување, при што Центарот врши трансфер на 80% од износот на средствата, а Општина Кавадарци учествува со кофинансирање на останатите 20%.

Потребно е да се предвидат вкупно 52.800 денари во Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година.

-**Проект за субвенционирање за купување на велосипеди.** Општина Кавадарци за овој проект во буџетот за 2024 година треба да предвиди финансиски средства во висина од 300.000,00 денари.

- **Надградба и одржување на систем за обработка на урбанистички планови и зелен катастер – ГИС систем.** Во буџетот за 2024 година предвидени се вкупно 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на сервер, компјутери, компјутерска мрежа, видео надзор во општина Кавадарци и одржување на телефонска централа и систем за работно време.** Во буџетот за 2024 да се предвидат 150.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Изнајмување на оптичко влакно за потребите на Save city – 42 локации.** Во буџетот за 2024 да се предвидат 450.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на видео надзор на град Кавадарци.** Во буџетот за 2024 да се предвидат 250.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **ИТ опрема (компјутери,лаптоп, фиксни телефони).** Во буџетот за 2024 да се предвидат 400.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на антивирусен софтвер за 100 клиенти во времетраење од три години.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 300.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на хостинг услуги.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на ЕРП софтвер во Сектор за финансии.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 250.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на софтвер за менаџирање на податоци.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 250.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на услуги за изнајмување на принтери и нивно месечно одржување и промена на тонери.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на персонални сертификати за потреби на општинската администрација издадени на токен или на компјутер**. Во буџетот за 2024 година да се предвидат 120.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на SSL сертификати**. Во буџетот за 2024 година да се предвидат 30.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на софтвер за ГИС систем.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 240.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Одржување на клима уреди во општинската зграда**.Од буџетот за 2024 година да се предвидат 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на нови камери со нови позиции со модулт Save City**. Од буџетот за 2024 година да се предвидат1. 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

- **Набавка на лиценци за користење на агрометеролошки станици на територија на општина Кавадарци**. Од буџетот за 2024 година да се предвидат 350.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**-Изградба на Дневен Центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци за 24 корисници" - Министерство за труд и социјална политика.** Во буџетот за 2024 година да се предвидат 4.085.691,00 денари.

- **Општо корисна работа (ОКР)** - Вкупната вредност на проектот изнесува 1.295.000,00 денари од кои 1.036.000,00 денари се обезбедени од УНДП а остатокот од 259.200,00 денари се од буџетот на Општина Кавадарци. Со оглед на тоа што проектот е во тек и е исплатен првиот квартал, во буџетот на општина Кавадарци за 2023 година треба да се предвидат 176.400.00 денари.

**Распоред на Буџетски средства**

Активностите од оваа програма се финансираат со посебни ставки од Буџетот на општината. Проектните активности се предвидени во буџетот на општината во Г програмата која содржи три потпрограми Г1, Г2 и ГА, програмата Ј-комунални дејности од буџетот на општината и програмата за урбано планирање Ф.

**Завршни Одредби**

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7480/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Програма за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадаци за 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадаци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2. **Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.**

**Бр.09-7677/42** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.5/02“), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци**
**за 2024 година**

Програмата за развој на Невладиниот сектор на Општина Кавадаци е креирана врз основа на член 36 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), член 49 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“, бр. 52/2010 и 135/2011, 55/2016) и врз основа на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на Здруженија и Фондации („Сл. Весник на РМ“ бр.130/2007).

**Оваа Програма има за цел:**

- Унапредување на соработката помеѓу Општина Кавадарци и здруженијата и фондациите, преку воспоставување на механизми за соработка;
- Да ја зголеми транспарентноста и отчетноста на Општина Кавадарци преку зголемување на протокот на потребни информации помеѓу Општината и граѓанските организации;
- Иницирање на поголема партиципативност на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на Општина Кавадарци, како и креирање на заедничка програма со цел искористување на повеќе ресурси;
- Да ја подобре и зајакне соработката на Општина Кавадарци со Здруженијата и Фондациите;
- Да ја стимулира работата на НВО Секторот;

- Да ги зајакне кадровските капацитети на Здруженијата и Фондациите;
- Инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи на Општина Кавадарци;
- Создавање предуслови за креирање на ефикасни партнерства;
- Афирмација на Општина Кавадарци како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО;
- Грижата за младите и соработка со НВО Секторот, во согласност со можностите.

**НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ**

Програмските активности предвивдени во Програмата за Развој на Невладиниот Сектор ќе ги реализира Секторот за Локален економски развој на Општина Кавадарци, кој во соработка и координација со Градоначалникот како и Невладиниот Сектор од Општина Кавадарци ја изготви оваа Програма.

**СОДРЖИНА**

Во Општина Кавадарци има исклучително активен граѓански сектор кој делува во повеќе области, а нивните активности и програми се во насока на подобрување на квалитетот на животните стандарди на граѓаните на Општината.

Програмата за развој на невладиниот сектор (во понатамошниот текст ГО) е поврзана со визијата на Општина Кавадарци која гласи:
“Продолжување на динамичната тенденција на развој на Општина Кавадарци, како атрактивно место за живеење, стекнување на образование, развој на претприемништво, како модел за добро и ефикасно управување, заснован врз традиционалните општествени вредности но и на иновативност.“
Водечки принципи се:

- Почитување на правото и законите;
- Добро управување;
- Партиципативност и демократичност во донесување на одлуките;
- Транспарентност и отчетност;
- Толерантност и недискриминација;
- Финансиска стабилност и дисциплина;
- Ефективност на инвестициите.

Согласно визијата стратегијата ги опфаќа следните стратешки приоритети:

**Стратешки приоритет 1:** Јакнење на капацитетите на граѓанскиот сектор и на општинската администрација за соработка со ГО и нивен развој.

**Стратешки приоритет 2:** Вклучување на ГО во креирање на ефективни локални политики.

**Стратешки приоритет 3:** Ефективно управување со Буџетот за одржливост на граѓанскиот сектор.

**Стратешки приоритет 4:** Поддршка на активностите на ГО за промоција на туризам и поддршка на еколошките агенди на ГО.

Со истражувањето на потребите на НВО секторот се утврдени слабостите, можностите и ризиците на тековните програми за развој на граѓанските организации во Општина Кавадарци. Ова ќе го постигнеме преку:

- Обезбедување на финансиски услови за невладините организации за непречено функционирање преку распишување на јавен повик за распределба на финансиски средства за проекти и проектни активности за 2024 година, со цел да се зајакне нивната ефикасност и придонес кон локалната заедница.
  Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Кавадарци каде што општина Кавадарци ќе распише Јавен повик за невладини организации, утврден според веќе усвоена ЛОД- Методологија која што е изработена од страна на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од Европската Унија и спроведен од UNDP.

- Надградување на знаењата, вештините и капацитетите на општинската администрација за унапредување на соработката со граѓанскиот сектор.

- Објавување и редовно ажурирање на регистар на НВО во Кавадарци кој ќе биде достапен јавно на веб страната на Општина Кавадарци.

- Објавување на сите повици и конкурси кои се однесуваат на граѓанските здруженија и фондација јавно на веб страната на Општина Кавадарци.

- Објавување на линкови на невладините организации на веб страницата на Општина Кавадарци.

- Воспоставување на редовна комуникација на невладините организации преку организирање на најмалку една заедничка средба во месецот за сите невладини организации во Општина Кавадарци , за размена и координација на тековните активности, можноста за развивање на партнерство за адресирање на прашања од локално или регионално значење, охрабрување и поддршка на соработката во развојот на заеднички предлог проекти и акциони планови.

- Обука за менаџирање со проектен циклус - Обуки за сите НВО како да подготват проект, како да го реализираат, мониторинг и евалуација на проектот, проценка на ризиците, како да управуваат со тим на луѓе за успешно завршување на проектот. Овие обуки ќе се осврнат на анализа на потребите, целите, акциониот план, план за комуникација и буџет.

- Директни консултации за подготовка на одредени настани.
- Зајакнување на партнерска соработка помеѓу Општина Кавадарци и здруженијата и фондациите со аплицирање за средства до други донатори, соработка која не би била само декларативна, а со заедничко вложување, односно кофинансирање и на двете страни, се со цел реализација на активности од заеднички интерес.

- Состаноци за поврзување со бизнис секторот и невладиниот сектор- Локалната самоуправа да ја има улогата на медијатор помеѓу НВО и Бизнис секторот во градот како и организирање на формален состанок за претставниците од бизнис и НВО секторот во Општина Кавадарци каде ќе имаат можност да се поврзат и да се запознаат меѓусебно, и да се информираат за тоа како заеднички можат да направат заемно корисни партнерства од интерес за пошироката заедница.

- Општина Кавадарци ќе обезбеди поддршка на здруженија и фондации преку ставање на располагање на сопствените човекови ресурси за давање на информации и стручна помош, со назначување на лице од Општината кое ќе биде одговорно за комуникцаија со граѓанските здруженија и фондации како и за толкување на правна рамка која се однесува на ингеренции на локалната самоуправа, а која е од интерес на здруженија и фондации.

- Општина Кавадарци ќе овозможи и други форми на делување, со што здруженијата на граѓани освен со финансиски средства ќе ги помага и со: покровителство; доделување награди и признанија; обезбедување стручна; техничка и други видови помош; организирање трибини, форуми и дебати за нивен интерес; потпомагање во организирање на манифестации;

- Организирање на средба со граѓанските организации, здруженија и фондации, со цел запознавање со условите од повикот за прекугранична соработка со Грција по програмата ИПА, и можноста за аплицирање и изнаоѓање на партнерска организација од грчка страна;

- Општина Кавадарци, по претходно доставено барање, а согласно сопствените потреби, им ги става на располагање општинската сала, регионалниот центар за невладини организации како и нејзината опременост за одржување на трибини, состаноци и други соодветни активности кои се непосредно поврзани со делувањето на здруженијата и фондации.

- Финансиска поддршка за младински организации на годишно ниво;

- Запознавање на младите со руралниот развој во својата општина;

- Поголема поддршка за Младински културен центар во Кавадарци;

- Едукација на младите за традиционалните вредности.

Општина Кавадарци дава континуирана финансиска поддршка за реализација на активности и проекти на здруженијата и фондациите. Во Програмата за Развој на Невладиниот Сектор на Општина Кавадарци за 2024 година се предвидени доделување на финансиски средства поделени во следните категории:

**11. Јавен Повик за Невладини организации за 2024година**

Општина Кавадарци ќе обезбеди финансиски средства за невладините организации за непречено функционирање преку распишување на Јавен Повик за распределба на средства за проекти и проектни активности за 2024 година со цел да се зајакне нивната ефикасност и придонес кон локалната заедница. Средствата во висина од вкупно 3.000.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година. Јавниот Повик ќе биде утврден според веќе усвоена ЛОД Методологија која што е изработена од страна на Проектот за регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOad), финансиран од Европската Унија и спроведен од UNDP.

**12. Стратешка област - Развој на вински туризам и семејни винарии**

Општина Кавадарци е носител на туристичката понуда во Тиквешкиот Регион преку преставување и промовирање на голем број семејни винарии и дестилерии со специфични традиционални и автентични сорти на вина, ракија и други производи од грозје. Како стратешка област, истата има огромно значање за локалниот економски развој на општината и од затоа винариите и дестилериите од овој крај добиваат финансиска поддршка за реалзирање на нивните активности за развој на лозарството и винарството. Во 2024 година Општина Кавадарци финансиски ќе ги поддржи Стратешките Области од територијата на Општина Кавадарци со финансиски средства во висина од 1.300.000,00 денари и истите ќе се предвидат во Буџетот.

**13. Поддршка на Здруженија на лица со посебни потреби**

Општина Кавадарци континуирано ги поддржува Здруженијата на лица со посебни потреби обезбедувајќи им ги потребните услови за учество во општеството како еднакви граѓани. Во Буџетот за 2024 година Општината има предвидено финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари.

**14. Програма на “Младински центар“ за 2024 година**

Општина Кавадарци секоја година во Буџетот предвидува средства за поддршка на Програмата на Младинскиот Центар. Центарот секојдневно спорведува активности од различен карактер наменети за млади и има за цел подобрување на благосостојбата на младите, воедно тие имаат место каде што можат да ги изразат своите предлози и идеи кои се од големо значење. Општина Кавадарци во Буџетот за 2024 година ќе

предвиди финансиски средства во висина од 800.000,00 денари за подршка на оваа програма.

**15. Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство**

Во 2022 година во Општина Кавадарци се отвори Советувалишен Центар кој има за цел да го подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство на локално ниво. Советувалиштето е лоцирано во Општина Кавадарци и го користат жени и деца жртви на насилство од општина Кавадарци, Росоман, Демир Капија и Неготино. Дополнително во советувалиштето може да се обезбеди советување и поддршка преку интернет платформи, како и за корисниччки кои не можат физички да го посетат Центарот. Овој проект е со вкупна вредност од 1.358.000,00 денари од кои Општина Кавадарци во Буџетот за 2024 година учествува со финансиски средства во висина од 794.190,00 денари.

**16. Нула Глад**

Општина Кавадарци континуирано го спроведува проектот Нула глад, согласно своите овластувања обезбедува средства од Буџетот на Општината. Во 2024 година има предвидено да го финансира проектот со висина на средства од 80.000,00 денари.

**17. Интервентен центар за жртви од семејно насислство и природни катастрофи**

Буџет за Реализација на Програмата

Табеларен приказ на расходи

| | Трансфери до невладини организации | Буџет | Програма | Конто |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Програма за НВО по Јавен повик | 3.000.000,00 денари | ГА | 463 |
| 2 | Стратешка област - Развој на вински туризам (Семејни винарии и дестилерии) | 1.300.000,00 денари | | |
| 3 | Поддршка на Здруженија на лица од ранливи категории | 1.080.000,00 денари | | |
| 4 | Програма на Младински Центар | 800.000,00 денари | | |
| 5 | Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство | 794.190,00 денари | | |
| | **Вкупно** | **6.974.190,00 денари** | | |

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Сл.гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-7480/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за кофинансирање во реализација на проект ,,Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион".**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за кофинансирање во реализација на проект ,,Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион"., донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/43** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со Договор за реализација на проектот ,,Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион” со арх.бр 08-175/1 од 27.11.2023 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005…75/21),
Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање во реализација на проект ,,Подобрување на животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион".**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат парични средства во висина 539.408,00 денари за учество на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа во проектот ,,Подобрување на

животната средина преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион", кој ќе се реализира преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот ,,Подобрување на животната преку набавка на специјализирани возила и приклучна механизација во општините во Вардарски Плански Регион" изнесува 9.367.200,00 денари. Средствата во износ од 9.367.200,00 денари за општините кои се дел од Вардарски плански регион ќе се обезбедат од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој.Вардарски плански регион за општина Кавадарци доделува средства во износ од 1.040.800,00 денари а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 539.408,00 денари.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината од член 1, во износ од 539.408,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-7480/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2024 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/44** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл. Весник на РМ" бр.5/2002 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл. Гласник на општина Кавадарци" бр. 08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

**П р о г р а м а**
**за активностите на општина Кавадарци**
**во областа на културата за 2024 година**

## I. ВОВЕД

Со програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата во 2024 година се определуваат културните настани од посебно значење за културниот развој на Општина Кавадарци и афирмација на нејзиното историско и културно наследство, негување и збогатување на општоприфатените културни вредности.

Преку оваа програма освен што го негуваме културното наследство, даваме поддршка на културните манифестации, ги негуваме културните случувања во сите сфери, исто така и го негуваме развојот на туризмот во нашата општина.

Овие културни манифестации, преку одличната организација, привлекуваат гости и надвор од нашата општина, а организацијата на Тиквешкиот карневал, привлекува гости и од целиот регион надвор од државата.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа програма се :

-Обезбедување активен однос на општина Кавадарци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата,
-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кавадарци,
-Сочувување и афирмирање на културниот индетитет на Општина Кавадарци,
-Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата,
-Интензивирање и збогатување на меѓународната културна соработка.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кавадарци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа програма.

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно –уметнички манифестации
-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци предвидени за 2024 година.
-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Кавадарци.
-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Кавадарци .
-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените и пријателски градови на општина Кавадарци.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Кавадарци предвидени за 2024 година .

Средствата од Буџетотна Општина Кавадарци предвидени за 2024 година изнесуваат **12.429.000** денари и се распоредуваат за потикнување ,поддржување и помагање на манифестации и проекти од областа на културата.

**Буџет**

**КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ**

**1.Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“ - Недела на традиција и вино**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец и ден :12 - 16 февруари

**2. Културно лето „ Го сакам Кавадарци“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец: јули и август

**3.Културна Манифестација „Тиквешки Гроздобер“**

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец и ден : септември

**4. „НОВА ГОДИНА“**

Божиќен пазар 2024 година

Носител:Општина Кавадарци
Организатор :По одлука на делегирана надлежност
Месец и ден : декември

**ВКУПНО : 8.000.000 денари**

**Трошоци за културните манифестации**

1. Ноќевање на гости за „Тиквешки Гроздобер“ 630.000,00 ден
2. Репрезентации за културните манифестации 630.000,00 ден
3. Огномет за културните манифестации 300.000,00 ден
4. Озвучување на културните манифестации 200.000,00 ден
5. Цвеќе и цветни аранжмани за културни манифестации 200.000,00 ден
6. Коктел за културните манифестации 300.000,00 ден
7. Новогодишни пакетчиња 500.000,00 ден
8. Набавка на подароци за дежурства на Новогодишната ноќ 170.000.00 ден
9. Набавка на подарок за Водици 20.000,00 ден
10. Набавка на фото апарат 120.000,00 ден
11. Новогодишно украсување 1.000.000,00 ден
12. Промоција на културно наследство Тиквешки Карневал 359.000,00 ден

| | |
|---|---|
| 1.Струмица | 10.500 ден |
| 2.Тиват | 66.500 ден |
| 3.Лесковац | 27.500 ден |

| | |
|---|---|
| 4.Птуј | 121.500 ден |
| 5.Раковица | 61.000 ден |
| 6.Перник | 33.500 ден |
| 7.Будва | 38.500 ден |

**ВКУПНО : 4.429.000 денари**

Вкупната вредност на програмата за Култура и јавни дејности изнесува **12.429.000 денари.**

Трошоците за културните манифестации ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

**IV. Други форми на активности**

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културните манифестации, приредби и проекти се следните:

- Обезбедување стручна ,техничка и друга подршка со кадри и опрема со коа располага Општината
- Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации
- Организирање на протоколарни и промотивни средби на преставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од обласа на културата
- Овие форми на активност ќе се реализираат согласно можностите на Оштина Кавадарци

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Кавадарци и Комисијата за култура се грижат и го обезбедуваат спроведувањето на оваа Програма.

Програмата влегува во сила 8 (осмиот ) ден од денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08-7480/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по

Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/45** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 5, член 24 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), а во врска со член 7 од Законот за култура (Сл.весник на РМ бр.31/98....11/18) , член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05, ......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Кавадарци врши делегирање на надлежноста на општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации на правно лице (во понатамошен текст : вршител на делегираната надлежност).

**Член 2**

Се делегираат надлежностите за организирање и реализација на културните манифестации, предвидени во Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука Советот на општина Кавадарци ќе донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање и извршување на надлежностите за организирање и реализирање на културните манифестации на вршителот на делегираната надлежност.

**Член 4**

Општина Кавадарци ќе склучи посебен Договор со вршителот на делегираната надлежност за начинот и условите за вршење на надлежностите за тековната година, како и поединечни договори за организрање на секоја културна манифестација.

**Член 5**

За својата работа вршителот на делегираната надлежност поднесува наративен и финансиски Извештај за секој поединечен настан до Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци во рок од 30 дена после одржувањето на настанот.

Сите активности за вршење на делегираната надлежност вршителот ќе ги спроведува во координација со Комисијата за култура и Комисијата за одбележување

на празници и манифестации и доделување награди и признанија при Совет на Општина Кавадарци.

Договорот со вршителот на делегираната надлежност престанува ако Советот на Општина Кавадарци не го усвои наративниот и финансиски извештај од став 1 на овој член.

**Член 6**

Надлежностите од член 2 на оваа Одлука ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, како и од донации и спонзорства.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“ .

**Бр.08-7480/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице со Заклучок**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице со Заклучок , донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/46** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 7 од Законот за култура (,,Сл.весник на РМ“ бр.31/98....11/18), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05, ……75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на надлежностите од областа на културата на правно лице.

**Член 2**

Делегирањето надлежности на правно лице за вршење на работи од областа на културата за организирање и реализација по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година, се врши преку објавување на јавен Конкурс.

**Член 3**

Со пријавата заинтересираниот правен субјект покрај наведените документи од јавниот конкурс приложува и:

1.Решение за упис во Централен Регистар;

2.Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирањето на активностите од делегираната надлежност;

3.Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на на делегираните надлежности – програма за начин и постапка за вршење на делегираната надлежност;

4.Финансиска структура на активностите;

5.Податоци од лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

6.Име презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

**Член 4**

Градоначалникот распишува Јавен конкурс кој што се објавува на веб страната на Општина Кавадарци, локалните медиуми и дневни весници кои се издаваат на територијата на Република Македонија и ке трае 15 дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

За разгледување на пријавите од јавниот конкурс Градоначалникот формира 5 (пет) члена Комисија составена од претставници од културните институции и општинската администрација.

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа :

-соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс до 20 бода;

-капацитет на предлагачот, искуство во реализацијата на проекти од областа на културата, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирањето на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата, поставеност на систем на контрола на квалитетеот и работењето до 40 бода;

-план и програма за организирање и реализирање на манифестациите до 40 бод.

**Член 6**

По разгледување на пријавите Комисијата од член 5 на овој Правилник, доставува Мислење со предлог за избор на вршител на делегираната надлежност до Градоначалникот на Општината.

По доставеното мислење од страна на комисијата, Градоначалникот на Општината ке донесе Одлука за избор на вршител на делегираната надлежност по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на култура.

**Член 7**

Врз основа на Одлуката за избор на вршител на делегираната надлежност по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата , Градоначалникот на Општината ќе склучи договор со правното лице - вршител на делегираната надлежност**.**

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува согласно Одлуката за делегирање на надлежностите од областа на културата содржи:

1.Краток опис на делегираните надлежност;
2.Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;
3.Обврски на договорните страни;
4.Начин на реализирање на делегираните надлежности и редовно доставување на извештаи;
5.Осигурување и одговорност за направена штета;
6.Висината на средствата од буџетот на Општина Кавадарци што ќе се исплати на правното лице за реализирање на делегираната надлежност;
7.Начинот на исплаќање на средствата;
8.Трошоци што нема да бидат исплатени;
9.Ревизија и мониторинг;
10.Раскинување на договорот;
11.Завршни одредби.

**Член 8**

Вршителот на делегираната надлежност до Советот на Општината ќе достави Предлог –Програма за секоја културна манифестација предвидена во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата.

По донесување на Заклучок за усвојување на поединечната Предлог-Програма од страна на Советот на Општината, Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе склучи договор за делегирање на надлежноста за организирање на културна манифестација.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-7480/46** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** | **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** | **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од од Законот за Локална самоуправа (’’Сл.весник на РМ“ бр.05/02) член 82 став 1 точка 30, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05 ........ 75/21), расправајќи Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организрање и реализирање на културните манифестации по

Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице,

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**

1.Во составот на Комисијата за разгледување на пријавите по јавниот конкурс за делегирање на надележностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2024 година на правно лице, да земат учество и претставници од советничките групи и независните советници од Советот на општина Кавадарци, без право на глас.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7480/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Програма за обележување годишни и на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма за обележување годишни и на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2024 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/47** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05, ......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за обележување годишни и на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2024 година**

**ВОВЕД**

Со програмата за обележување годишни и на значајни настани и личности во Општина Кавадарци во 2024 година,се определуваат значајните настани и годишнини од посебно значење, со што продолжува континуитетот во обележување од републичко и локално значење.

**ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обележување на годишните и значајните настани и личности во насока на негување на историското минато
- Обезбедување активен однос на градот Кавадарци кон задоволување на потребите на граѓаните за негување на традициите,
- Зачувување на историската и културна вредност на личности и настани, со цел негување на историските и културни вредности

**Јануари:**

**1. 4 јануари 1943 г. 81години од убиството на народниот херој Страшо Пинџур**

Роден е во Струмица на 5 март 1915 г. каде неговиот татко работел како учител. Потекнува од видно револуционерно семејство од Ваташа.

Основно образование и нижа гимназија завршил во Ваташа и Кавадарци. По укинувањето на гимназиите во Македонија, Страшо своето образование го продолжил во Србија.

Во Крагуевачката гимназија се изградува како напреден младинец и револуционер. Тука во 1933 г. започнал да го пишува својот дневник. Покрај другото во овој дневник запишал: „Јас ќе умрам млад, а мојот гроб нема да се знае“.

Во 1935 г. Страшо Пинџур се запишал на Правниот факултет во Белград. Многу рано влегол во редовите на напредното младинско и револуционерно движење. Се вклучил во Друштвото на напредните македонски студенти „Вардар“, а во текот на 1936 г. бил избран за негов секретар. Станал и член на Акциониот студенски одбор.

Тој бил еден од основачите на македонското народно движење МАНАПО.

За време на летниот распуст во 1939 г. Страшо Пинџур заедно со Ристо Михов, Ѓошо Бојаџиев и други истакнати револуционери ја обновиле партиската организација која по 1920 година се наоѓала во длабока илегала. Пред окупацијата Страшо Пинџур бил пуштен на слобода.

На 26 март 1941 г. Страшо заедно со Кузман Јосифовски – Питу и Мирче Ацев во Скопје, учествува во демонстрациите против приклучувањето на Југославија кон Тројниот пакт.

По окупацијата на Македонија се наоѓал во Скопје, каде бил назначен за инструктор на ПК на КПЈ за Македонија, а од септември 1941г. е член на Покраинскиот воен штаб. Тој бил задолжен да ја зајакне партиската структура, да формира нови месни комитети и воени штабови. Од јуни 1942 г. е член на Главниот штаб на Македонија.

Есента 1942 г. бил разбиен велешкиот партизански одред ,,Димитар Влахов“ па Страшо Пинџур и Мирче Ацев доаѓаат во Велес да ја консолидираат работата на партиската организација.

На 18 декември се провалени од бугарската полиција во куќата на Јован Митрев и биле уапсени и спроведени во Обласната полициска управа во Скопје.

На 4 јануари 1943 г. во Скопскиот областен затвор како последица од силните измачувања од страна на бугарската полиција, Страшо Пинџур умира на неполни 28 години. Било наредено уште истата вечер телото да биде однесено и закопано некаде на тајно место.

За неговата активност во организирањето на македонскиот народ во борба против фашистичкиот окупатор, Страшо Пинџур е меѓу првите прогласени народни херои во Македонија на 29.07.1945 г.

**Април:**

**7 април 1944 г. 80години од загинувањето на народните хероиКиро Крстев и Димче Мирчев**

Во жестока и нерамноправна борба со бугарската војска и полиција во близина на Градскиот парк во Кавадарци загинаа народните херои Киро Крстев и Димче Мирчев од Велес.

Киро Крстев е роден пред 100 години во Кавадарци во 1923 година во сиромашно занаетчиско семејство. Со неполни 17 години се вклучил во редовите на напредното младинско и револуционерно движење. Во 1940 год. станал член на скоевската организација. Истата година е уапсен од полицијата на Кралството СХС за да се откаже од своите идеи и револуционерната дејност. Во пролетта 1941 г. примен е за член на КП во Кавадарци. Налбатскиот занает и работилницата на неговиот татко му овозможиле да контактира и да одржува врски со селата во Тиквешијата. На 28 септември 1941 г. Киро е еден од 25-те младинци кои во месноста ,,Раштани“ го формираат првиот партизански одред и полагаат партизанска заклетва. По апсењето на Киро Спанџов, на 15-ти март 1942 година Крстев е назначен за член на Месниот комитет на КП за Кавадарци. Во пролетта 1943 г. Киро Крстев е член на Третиот областен комитет на КПМ. Во почетокот на мај 1943 г. е еден од првите борци на тиквешкиот партизански одред ,,Добри Даскалов“. Кон крајот на март и почетокот на април 1944 година, Димче Мирчев и Киро Крстев како искусни борци и партиски раководители, добиле задача во Кавадарци да се интензивираат активностите за организирање на поголема група на младинци во редовите на партизанското движење. На 4-ти април вечерта Крстев и Мирчев биле сместени во куќата на Иге Златев, а на 5-ти била добиена директива партизаните да излезат. Вечерта на 6-ти спроти 7-ми април голема бугарска војска ја опколила куќата во која биле сместени двајцата партиски активисти. Во раните утрински часови во обидот да го пробијат непријателскиот обрач загинаа борците Киро Крстев и Димче Мирчев.

Киро Крстев за народен херој е прогласен на 20 декември 1951 година.

Димче Мирчев за народен херој е прогласен на 2 август 1949 година.

**Мај:**

**6 мај 1991 г. 33години од загинувањето наСашко Гешовски,** припадник на ЈНА. Роден е во Кавадарци на 31 октомври 1971 година, основно и средно училиште завршил во Кавадарци По завршување на средното образование заминал на отслужување на воениот рок во ЈНА во Сплит – Р. Хрватска. На 6 мај 1991 година во него пука маскиран припадник на МУП на Република Хрватска и смртно го погодил со

4 куршуми. Гешовски во критичниот момент бил на задача пред зградата на Воено поморската област во Сплит. Тој беше првата жртва во конфликтот што предизвика распад на Југославија во 1991 година. На 7 мај во Кавадарци се одржа протестен митинг на кого учествува речиси целото население од градот и околината, за да го искажат својот револт за смртта на својот сограѓанин, кои палеа свеќи на градскиот плоштад во чест на Гешовски. Неговото тело со воен хеликоптер беше пренесено во Кавадарци. На погребот присуствуваа повеќе од 20.000 граѓани, дојдени од сите краишта на поранешна Југославија. Во Кавадарци беше прогласена тридневна жалост.

**Во воениот конфликт во 1991** година покрај Гешовски од Кавадарци загина и **Петре Тодоровски**, роден во 1971 година. Тодоровски загина како припадник на ЈНА на 26 јули 1991 година во касарната Љубљана – Поље, Р. Словенија. Својот млад живот го загуби како војник, додека бил на стража.

Во овој конфликт загина и **Мишко Митрев,** роден во 1954 година во Ваташа. Митрев загина како подофицер во ЈНА во септември 1991 година при одбрана на касарната во Ѓаково.

**12 мај 1944 г. 80 години од загинувањето на првоборецотМара Димова – Анка**

Родена е во Кавадарци во 1918 г. Потекнува од сиромашна земјоделска фамилија. Со цел да му помогне на своето семејство се вработила како монополска работничка. Активно учествувала во штрајкот на монополските работници во април 1941 г. Истата година станува член на скоевската група во Кавадарци предводена од Стефан Хаџи – Тефов Феткин. Мара Димова заедно со една група девојки, членови на активот на АФЖ од Кавадарци, организира собирање на санитетски материјал кој го складираат во однапред определени куќи. Во мај 1943 година пристапила во одредот "Добри Даскалов", каде е член на санитарната служба, во одредот го добила партизанското име Анка. Во борбата што Втората македонска бригада ја води со германските војници на пл. Бигла на 28 април 1944 г. Мара Димова е тешко ранета. Поради несоодветната нега и отсуство на потребни лекарства состојбата и се влошила и таа им подлегнала на раните на 12 мај 1944 г.

**14 мај 1943 г. 81години од формирањето натиквешкиот партизански одред ,,Добри Даскалов" на планината Вишешница**

По интензивните подготовки кои биле извршени во текот на март и април 1943г. МК на КПМ за Кавадарци во соработка со МК на КПМ на Неготино донеле одлука за изфрлање на партизански одред. На 14 мај 1943 г. на планината Вишешница бил формиран тиквешкиот партизански одред ,,Добри Даскалов", кој го добил името по прославениот револуционер од овој крај кој се борел против турското ропство. Штабот на одредот го сочинувале: Никола Минчев – Јане - командант, Димката Ангелов – Габерот – политички комесар, Лазар Калајџиски – Добри – заменик командант и Пецо Пепељуговски – заменик политички комесар. На денот на формирањето одредот броел околу 60 борци, а за кратко време неговиот број се зголемил за повеќе од стотина борци, што претставувал една од најголемите партизански единици во тоа време. Вечерта на 14 мај една група борци од одредот заминува во с.Ресава со задача да набават храна. Групата наидува на непријателска заседа и по кратка престрелка бил убиен партизанот Фердо Росомански. На 17 мај борците од одредот изведуваат успешна акција во с. Гарниково, а на 18 мај во с. Бојанчиште при што биле убиени осум бугарски полицајци, а од страна на партизаните загинале Лазо Стојанов и Миле В̓чков. Една од позначајните акции на одредот бил нападот и разоружувањето на бугарските погранични караули Шаренка и Порта. На 27 мај 1943 г. одредот одржал успешен

митинг во с. Драгожел и била организирана општо народна прослава. Со цел да се уништи партизанското движење во Тиквешијата, бугарскиот окупатор од 7 до 16 јуни организирал широка акција за уништување на одредите ,,Добри Даскалов” и ,,Сава Михајлов “. На 7 јуни во борбата кај с. Никодин загинал Блажо Тодоровски – Чичето. На 10 јуни во непријателска заседа загинаа Димката Ангелов – Габерот. Пано Мударов – Фрањо, Ило Виларов – Сокол и Стојан Крстев. По неуспехот на јунската офанзива партизанските одреди се префрлиле во реонот на Зборско, Егејска Македонија. Во овој период биле одржани многубројни предавања и курсеви за ракување со оружје и борбена тактика. Одредите и тука не престанале со својата активност, тие во помали групи се префрлуваат во реонот на Тиквеш и Гевгелиско каде вршат борбени акции, одржуваат митинзи и собири со населението, прифаќаат нови борци во своите редови. На 24 септември со наредба на ГШ на ПО и НОВ на Македонија од одредите ,,Добри Даскалов”, ,,Гоце Делчев” и ,,Сава Михајлов “ на пл. Кајмакчалан бил формиран баталјонот ,,Страшо Пинџур“.

**Јуни:**

**7 јуни 1943 г. 81години од убиството на народниот херојБлажо Тодоровски-Чичето**

Роден е во с. Ресава на 13 април 1902 година во сиромашно земјоделско семејство. Се вклучува во напредното движење за време на кампањата за Парламентарните избори во 1938 г. по иницијатива на Страшо Пинџур, Тошо Велков, Илија Чулев и други. Во текот на летото 1941 г. е примен во КП, а за целото време активно соработува со Димката Габерот кој во еден период престојува во Ресавско – Бегнишкиот терен. Во септември 1941 г. е формирана партиската ќелија во с.Ресава која имала за задача да прибира оружје, муниција и воен материјал, а целата оваа работа му била доверена на Блажо Тодоровски. Во текот на август 1942 г. во куќата на Б. Тодоровски како илегалци престојуваат Димката Габерот и Мито Хаџи Василев. Есента истата година Б. Тодоровски е ангажиран околу сместувањето и исхраната на партизаните од велешкиот партизански одред ,,Димитар Влахов”. Активно учествува во подготовките за формирање на партизанскиот одред „Добри Даскалов“, а во одредот ја врши функцијата командир на првата десетина. Во рамките на Јунската офанзива одредот „Добри Даскалов“ се судрува со јаки бугарски полициски и воени сили кај с. Никодин. Во жестоката борба која траела неколку часа бил тешко ранет, а за да не падне жив на непријателот се самоубива на 7 јуни 1943 г.

За народен херој прогласен е на 11.10.1953 година.

**16 јуни 1943 г. 81година одстрелањето на 12-те Ваташки младинциво месноста ,,Моклиште“**

Со намера да го спречи подемот на Народноослободителното движење, а во рамките на Јунската непријателска офанзива која се одвивала од 7 до 16 јуни 1943 г., бугарскиот окупатор покрај воените, презема и низа репресивни мерки. Окупаторот имајќи сознанија за активноста на партиската организација во Ваташа презема мерки за да го спречи ова движење. За таа цел од Скопје бил испратен бугарскиот обласен директор Димитар Раев. Во акцијата биле вклучени: Велешкиот, Битолскиот и Прилепскиот полк, граничните подучастоци од Конско и Мрежичко, сите полициски сили од Тиквешијата и Гевгелиско, специјален полициски одред и група полициски агенти од Скопје на чело со Борис Жуглов, а сите под команда на бугарскиот полковник Љубен Апостолов. Тоа рано утро, на 16 јуни 1943 г. бугарските полицајци го извршуваат првото апсење. Го приведуваат Диме Чекоров, кој бил испратен во Кавадарци на испитување кај агентот Борис Жуглов. Наскоро од Кавадарци стигнал

список со имиња за апсење, а направен врз основа на една фотографија пронајдена во џебот на уапсениот Диме Чекоров. Фотографијата била направена на првомајската прослава на ваташките младинци во Моклиште истата година. Според подготвениот список бугарските полицајци ги уапсиле младинците. Двајца полицајци го донеле од Кавадарци Диме Чекоров, со крвави рани по лицето и телото. Откако сите биле донесени во кафеаната, започнало крвавото иследување и крвничкото тепање. Од младинците се барало да одговорат за целта на првомајскиот собир, за нивното следење на програмата Радио Москва, за врските со партизаните и за криењето на илегалци.

Со наредба на полковникот Љубен Апостолов уапсените младинци требало да бидат стрелани. Околу пладне, во придружба на цел еден кордон војска, младинците се упатуваат кон месноста ,,Дулово долче“. На патот од кој никогаш нема да се вратат заминуваат: Перо Видов 15 г., Ванчо Гурев 19 г., Данко Дафков 18 г., Илија Димов 18 г., Ристо Ѓондев 18 г., Блаже Ицев 20 г., Герасим Матаков 18 г., Пане Мешков 18 г., Ферчо Поп Ѓорѓиев 26 г., Васил Хаџи Јорданов 28 г., Диме Чекоров 20 г. и Пане Џунов 18 г. Со нив се спроведени и четирите младинки од селото: Невена Хаџи Јорданова, Стева Ампова, Ката Ицева и Павлина Касапинова. Околу 13 часот по пеколна горештина пристигнале во месноста ,,Дулово долче“. Поручникот Костов им рекол да се наредат еден до друг за да ги фотографираат, обидувајќи се да ги припои девојчињата кон младинците. Но, полицискиот началник Петко Опреков му се спротивставил, затоа што тоа не било наведено во наредбата. Во меѓувреме Васил насетувајќи дека нешто лошо се подготвува, започнал да трча кон реката, обидувајќи се да избега. По него тргнале Диме Чекоров и Герасим Матаков. Костов, иако во почетокот бил изненаден од смелоста на младинците, веднаш им издал наредба на војниците да стрелаат. Започнала стравична пукотница. Војниците како по заповед ги извадиле бајонетите и да бидат сигурни дека успешно ја завршиле работата започнале со нив да ги бодат телата на младинците кои сеуште покажувале знаци на живот.

Заслужена казна ги стигнала сите актери во овој масакр во Ваташа. Поручникот Костов и помошникот на полицискиот началник од Кавадарци Петко Опреков биле ликвидирани наскоро по капитулацијата на Бугарија. Љубен Апостолов на 3 ноември 1944 г. го откриле македонските емигранти во Софија. Бил приведен и донесен во Кавадарци каде му е судено како на воен злосторник. Народниот суд во Кавадарци го осудил на смртна казна. Полицискиот инспектор Димитар Раев и агентот Борис Жуглов биле осудени на смрт и стрелани во Скопје.

**19 јуни 1913 г. 111 години одТиквешкото востание**

Прв организиран, масовен и вооружен протест на населението од Тиквешијата против нововоспоставената српска власт која ја окупирала Вардарскиот дел од Македонија по повлекувањето на турските сили после Првата балканска војна од 1912 година. Ова е воедно и првото востание кое е кренато во Македонија десет години по Илинденското востание.

Воспоставувањето на српската управа во Тиквешијата довела до замирање на секаква стопанска, општествена и културна дејност во овој крај. Училиштата биле затворени, а свештениците и учителите биле немилосрдно тероризирани и спречувани да ја вршат својата професија. Биле извршени неколку убиства врз голоракото население, а тепањето и малтретирањето на невиното население станало секојдневие. Српската полиција го убила Александар Видов во Кавадарци само поради тоа што изјавил дека не се чуствува како србин. Мачена била и баба Наца Пинџурова, мајка на

револуционерот Димитар Пинџуров и баба на народниот херој Страшо Пинџур. Била убиена цела турска фамилија од 50 членови.

Тиквешкото востание е објавено на 12 јуни 1913 година во Ваташа. Бил формиран востанички штаб составен од видни војводи кои учествувале и во Илинденското востание. Востанието започнало на 19 јуни 1913 година со сигнални огнови по селата Мрежичко и Рожден, најавувајќи ја борбата против новата српска управа која го заменила турското ропство.

На 19 јуни започнало востанието во кое земаат учество околу 200 востаници - обични граѓани кои првпат земале пушка во раце, а заедно со четите на ВМРО околу 1000 востаници. На 19 јуни востаниците успеале да го ослободат Неготино и селата од десната страна на рекатa Вардар од Демир Капија до Рожден. Истиот ден било ослободено и Кавадарци. Започнале широки воени акции врз објекти и воени пунктови на српските вооружени сили на територијата на Тиквешијата. Покрај Кавадарци, Неготино и Ваташа биле ослободени скоро сите села во Тиквешијата, околу 50- тина каде била воспоставена народна власт. На општинската зграда во Кавадарци било истакнато револуционерното тиквешко знаме од 1903 година на кое пишувало ,,Слобода или смрт”, а под него ,,Тиквешки револуционерен округ”.

Слободните седум денови биле прославени со народна веселба и со собирање помош за востаниците. На 20 јуни било одржано свечено собрание на кое била избрана и градска управа составена од 12 видни кавадарчани.

Под притисок на голема српска војска предводена од Василие Трбиќ помогната од четниците на Јован Бабунски и Јован Долгач, на помош дошол и башибозук на Јаја Ага со 250 вооружени души. За кратко време биле разбиени востаничките сили кои веќе на 25 јуни биле принудени да се повлечат од завземените градови кон селата под планината Кожув. По задушувањето на востанието месното население било подложено на страшен терор и реплесалии. Српската окупаторска војска за го заплаши населението на колја врзала 150 тиквешани во центарот на Кавадарци и биле оставени да висат 30 часа на сонце. Потоа заедно со уште 50 други кавадарчани биле одведени во месноста “Полјаната” и биле стрелани. Според нецелосните податоци во целиот тиквешки крај биле убиени 545 луѓе.

Тиквешкото востание е самостојно дело на тиквешкото население, спонтано организирано и раководено од месните дејци, револуционери и војводи од Организацијата.

**Јули:**

**01 јули 2001 год. 23 г. од загинувањето наБлашко Толев**

Роден е на 30 март 1981 година во кавадаречкото село Марена.

Како припадник на АРМ загина пред 22 години во воениот конфликт на 01 јули 2001 година на Тетовското Кале од минофрлачка граната, испукана од страна на албанските терористи. Толев во октомври 2000 година заминува од Тиквешијата да го отслужи воениот рок во АРМ, најнапред во Битола, а потоа во Штип. Кога започна воениот конфликт 2001 година, тој активно зема учество во борбите во Тетовско и Кумановско.

Блашко Толев е прва жртва од овој крај во конфликтот од 2001 година. Како припадник на редовниот состав на Армијата на Република Македонија, на само 20 години го жртвува својот живот за одбраната на Македонија.

Вечен останува споменот како и паметникот над неговиот гроб во кавадаречкото село Марена.

Постхумно е одликуван со медал за храброст од Претседателот на Р. Македонија.

**13 јули 1941 г. 83 г. од убиството на Диме Поп Атанасовпрва жртва во Тиквешијата**

Роден е во с.Страмашево во 1918 година. Неговото семејство се преселило во Кавадарци каде што завршил основно образование и Граѓанско училиште до 4 клас. Немајќи финансиски можности да го продолжи школувањето, работи како шивачки калфа. По извесно време се вработува во општинската управа во Кавадарци како општински писар. Тој е еден од иницијаторите за отворање на гратско читалиште и библиотека во Кавадарци. Во таа иницијатива се вклучиле: Страшо Пинџур, Димката Ангелов, Никола Минчев, Мито Хаџи Василев и др. Во 1937 година Диме е иницијатор за формирање на илегална симпатизерска група во која членуваат: Киро Спанџов, Илчо Стефановски, Методија Димовски и Диме Боцев – содаџијата. Во 1940 година Диме Поп Атанасов е примен во редовите на скоевската организација од страна на Мито Хаџи Василев, заедно со Киро Крстев, Пешо Кимов и Глигор Гечевски. Потоа и член на МК на СКОЈ за Кавадарци. Во 1941 година активно се вклучил на повикот на Месниот комитет на КПМ од Кавадарци за прибирање на оружје и друг потребен воен материјал и негово складирање на сигурни места. Бил назначен и за секретар на читалиштето. Во една таква акција во с.Горни Дисан (Неготинско) заминуваат Диме Поп Атанасов, Атанас Златев и Ацо Ицев. Предадени од домашни предавници и бугарскиот окупатор на пат за Кавадарци во нив пука еден падар при што бил смртно погоден на 13.07.1941 година. Диме Поп Атанасов е прва жртва дадена во Тиквешијата непосредно по окупацијата на Македонија.

(**Сојуз на борци – поддржувачи, одбележува во с.Горни Дисан каде е загинат, има и Спомен – Биста во Паркот на Револуцијата**).

**15 јули 1894 г. 130години од формирањето на првиот комитет на македонската револуционерна организација (ТМОРО) во Кавадарци**

Во 1894 година Дамјан Груев дошол во Кавадарци и веднаш го побарал Иванче Минчев, негов соученик од солунската гимназија со намера да му обезбеди луѓе со кои ќе говори за училишните и црковните проблеми во Тиквешката каза. Набргу Даме се уверил дека има работа со сериозни и предани луѓе пред кои не треба да има никакви тајни. Тогаш ги запрашал дали и тие би сакале да станат членови на таква организација чија што цел е извојување на политичка слобода по пат на револуционерна борба. Откако добил потврден одговор Даме го извадил преписот од статутот на организацијата и пред евангелието, револверот и камата положиле заклетва на верност спрема организацијата. Во првиот состав на организацијата влегле четворица членови и тоа: Пане Иванов - претседател и главен учител во кавадаречкото основно училиште, а за членови биле избрани: Иванче Минчев - чиновник и учител, Јованче Велков - трговец и претседател на црковно училишната општина и Јанаќи Илиев Ќурчиев - трговец и кожар. Следниот ден во ваташкото училиште се формирал комитет на ТМОРО во кои влегле: Тодор Поп Андов, Лазо Сојтериев, Коцо Јорданов, Зарко Димов, Трајче Дубров и Пано Поцев.

Овој комитет е прв во Македонија по Солунскиот. Сите останати комитети во Македонија се формирани подоцна.

**25 август 1944 г. 80години од формирањето напрвата македонска НО дивизија**

25 август 1944 година **во с.Шешково,** на околу 16 км. западно од Кавадарци е формирана Првата македонска дивизија - (41 југословенска). Во нејзиниот состав влегуваат: Втора, Девета, Десета и Единаесетта македонска бригада. Штабот го сочинувале: Тихомир Милошевски – Тиќо, командант на дивизијата, Лазар Калајџиски – Добри, заменик командант, Наум Наумовски – Борче, политички комесар и Коле

Јовановски – Солунски, заменик политички комесар. При формирањето оваа дивизија броела 1.300 борци, а на крајот имала 5.180 борци и офицери. Формирањето на дивизијата е еден од од најзначајните настани во развојот на НОВ во Македонија. Првата македонска дивизија до средината на октомври се наоѓала под непосредна команда на ГШ на Македонија, а потоа во состав на 15 корпус на НОВ на Југославија. На почетокот таа дејствувала во реонот на Тиквешијата, Повардариeто и Прилепско каде се воделе големи борби со германските сили кои се повлекувале од Грција по долината на р.Вардар и патот Битола – Прилеп. На 9 септември 1944 г. дивизијата со помош на населението го ослободуваат градот Прилеп, при што биле заробени околу 300 германски војници, 60 моторни возила, оружје, муниција и воен материјал. Од 11 до 16 септември дивизијата води борби со германските единици Гулман и Пабест, како и со специјализираниот баталјон од составот на IV СС полициска дивизија. Кај селата Мажуниште, Варош и Селце води жестоки борби со истите единици се́ до 19 септември кога германците повторно го заземаат Прилеп. Еден дел од дивизијата на 17 септември води борба со германскиот окупатор во реонот на Кавадарци и Дреновската Клисура. Од 29 октомври до 2 ноември Првата македонска дивизија води борби за ослободување на Прилеп, кој е ослободен на 2 ноември. Од 15 до 17 ноември дивизијата учествува во борбите за ослободување на Кичево, селата Туин, Папрадиште, Бериково, Јагол, Доленци, Поповјани, Ќафа, Падолиште и др. До крајот на 1944 година и почетокот на 1945 година оваа дивизија учествува во завршните борби за ослободување на Косово, во борбите против остатоците на балистичките сили во реонот Качаник, Урошевац, Бујановац, како и во конечното ослободување на Југославија, при што од одметнатите балистички банди е заробено големо количество на оружје и воена опрема.

**7 септември 1944 г. 80 години од ослободувањето на Кавадарци**

Во селото Шешково на околу 16 км. западно од Кавадарци на 25 август 1944 година е формирана Првата македонска дивизија или (41 југословенска). Во состав на оваа дивизија се наоѓаат IX, X и XI како и Втората македонска бригада. На 2 септември 1944 година Деветтата македонска бригада под водство на командантот Најдо Стаменин - Орлов извршила многу успешна акција во селото Крњево, напаѓајќи го бугарскиот фашистички гарнизон со 1.350 војници. Оваа бригада дејствувала во Тиквешијата на комуникацијата Велес–Гевгелија. Главна цел на бригадата било ослободувањето на Кавадарци. Покрај постоечките три баталјони, бил формиран уште еден четврти, па така организирана и вооружена бригадата на 6 септември 1944 година се упатила кон Кавадарци. Членовите на НОО од Ваташа, пред влезот во селото ја пречекале бригадата на која и подариле црвено македонско знаме, изработено од младинките од Ваташа. Во попладневните часови бригадата пристигнала во Кавадарци. На борците од бригадата која скоро без борба го освоила градот и бил организиран свечен ручек, на кој населението се здружило со борците од бригадата. Командантот на бригадата одржал смотра, а бил одржан и митинг. Пред насобраните граѓани со пригодни зборови се обратил политичкиот комесар на бригадата Ристо Стојанов - Железни, а по него говорел командантот Најдо Стаменин-Орлов, кој зборувал за успесите на народноослободителната војска, како и жртвите што таа ги даде за ослободување на нашата земја. По одржаниот митинг со почесен плотун им е оддадена почест на сите загинати борци од овој крај. Можност да се приклучат кон НО војска им била дадена на бугарските војници кои биле стационирани во касарните во Кавадарци, а со тоа и заеднички во иднина да се борат

против германските фашисти. Бугарските војници не се согласиле со овој предлог, по што со воена придружба биле упатени кон бугарската граница. По четиригодишна окупација на денешен ден 7 септември 1944 година, Кавадарци бил конечно ослободен. Во текот на војната загинаа 333 борци и жртви на фашистичкиот терор од општина Кавадарци, а тројцаод нив се прогласени за народни херои.

**(Сојуз на борци – поддржувачи, одбележува во с.Шешково пред Споменикот)**

**11 октомври 1941 г. 83 год. Ден на народното востание на македонскиот народ**

11 Октомври е ден на Македонското востание. Ден кога македонскиот народ во 1941г., започнал вооружена борба против фашистичката агресија и повторната окупација на Македонија во Втората светска војна. Во 1941 година Македонија е повторно поделена, овојпат помеѓу италијанскиот, германскиот и бугарскиот окупатор. Македонскиот народ во КПЈ го нашол својот сојузник во победоносниот пат за национална и социјална слобода. ПК на КПЈ за Македонија подготвува план за започнување на вооружена борба. Со првите истрели што биле испукани од 16-те храбри момчиња ноќта на 11 Октомври 1941 година во Прилеп, бил означен почетокот на вооруженото востание на македонскиот народ, чијашто борба била крунисана со слобода. Во нападот 16-те прилепски партизани биле поделени во три групи. Првата група го напаѓа бугарскиот полициски участок, втората - затворот, а третата има задача да ги прекине телефонските врски и електричната инсталација. Вооружени дејствија има и во Кумановско. На 12 октомври се огласиле и истрелите на кумановските партизани. Почнала крвавата НОБ на македонскиот народ за конечно ослободување на земјата. Со вооружената борба Македонија дала свој придонес во победата над фашизмот во Втората светска војна.

Единаесетти октомври е продолжување на слободарските традиции на македонскиот народ проникнати во Карпошовото, Разловечкото, Кресненското и Илинденското востание, но и во напорите за социјално и национално ослободување вложени во Балканските војни и Првата светска војна. Македонскиот народ самостојно се изборил за својата слобода.

Со одлуките на Првото заседание на АСНОМ во 1944 година се оживотворени повеќевековните идеали за основање самостојна, слободна и независна македонска држава.

На овој ден им оддаваме почит на сите учесници во вооруженото, антифашистичкото и народноослободителното востание.

**23 октомври 1893 г. 131 години - Ден на Македонската револуционерна борба**

Македонската Револуционерна Организација (МРО), е политичка организација формирана на 23 октомври 1893 година во куќата на книжарот Иван Хаџи Николов во Солун. Нејзините темели ги поставиле шестмина револуционери - интелектуалци: Даме Груев - професор, Петар Поп Арсов - професор, Д-р Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов - книжар, Христо Батанџиев - професор и Андон Димитров - учител. МРО по одржаниот Рилски конгрес во 1905 година името го менува во ВМРО. Организацијата имала за цел по пат на вооружена борба да се извојува политичка автономија на Македонија и Одринско. Први обиди за формирање на Организацијата се датираат од крајот на 80-тите и почетокот на 90-тите години на 19 век, кога Пере Тошев му напишал писмо на Ѓорче Петров да формираат организација за ослободување. Во 1892 година кај Иван Хаџи Николов созреала идејата дека само една организација може да го пресече патот на Бугарската, Српската и Грчката пропаганда, како и да ја принудат Турција да ги почитува решенијата на Берлинскиот конгрес, особено чл. 23 во кој биле

предвидени реформи во земјата. Според Иван Хаџи Николов биле прифатени следните начела: **1**.Организацијата да е тајна и револуционерна. **2.** Нејзината територија да ја сочинува само Македонија во нејзините географски и етнографски граници, поради што ќе се нарекува Внатрешна. **3.** Во неа ќе членуваат родени и лица што живеат во Македонија без разлика на вера и народност. **4.** Политиката на организираните македонци е автономија на Македонија**. 5.** Да се чува самостојноста на организацијата за да не падне под влијание на политиката на соседните држави. За реализирање на сите овие задачи било неопходно брзо ширење и омасовување на организацијата. Во неа подоцна се вклучиле: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански, Иванче Минчев, Јованче Велков и др. Во Солун 1894 година е избран првиот Централен Комитет на чело со Христо Татарчев како претседател, и Даме Груев како секретар. Првиот Устав на Организацијата го напишал професорот Петар Поп Арсов.

**8 ноември 1914 г.110години од раѓањето наДиме Туриманџовски - Горски, командант наII МУБ**

Роден е на 8 ноември 1914 г. во Кавадарци. Потекнува од сиромашно семејство. Основно образование завршил во Кавадарци. Бидејќи во Кавадарци немало гимназија тој како одличен ученик добил стипендија и го продолжил своето образование во гимназијата во Крушевац, а потоа Неготин Краина и Крагуевац. Во учебната 1932/33 г. добил државна стипендија и се запишал на Воената академија во Белград. По завршувањето на Академијата се стекнал со чин потпоручник и бил испратен на работа во Битола во 1936/37 г. Туриманџовски е еден од првите школувани офицери кои зеле учество во НОВ 1941-45 година. Во 1941 г. со почетокот на Втората светска војна бил преместен во Штип. За време на окупацијата работи како Претседател на општина Бразда – Скопско. Во Скопје се поврзал со напредната интелегенција и многу брзо станал член на КП. На 2 август 1943 г. со Панче Неделковски доаѓаат во Кавадарци каде се вклучуваат во партизанскиот одред ,,Добри Даскалов“. Во одредот го добил партизанското име - Горски. На 24 септември 1943 г. кога бил формиран партизанскиот баталјон ,,Страшо Пинџур“ тој бил назначен за негов командант. На 20.12.1943 г. во Фуштани - Егејска Македонија била формирана Втората македонска бригада, а Горски бил назначен за нејзин командант. За своите заслуги во борбата против фашистичкиот окупатор (води повеќе од 200 успешни борби), бригадата е одликувана со Орден заслуги за народ со златна ѕвезда и Орден братство и единство со златна ѕвезда. Бригадата во состав на Првата македонска дивизија учествува во завршните борби за ослободување на Македонија и Југославија. Тој бил делегат на Првото заседание на АСНОМ. Диме за време на НОБ се истакнал со својата храброст, стручност, по војната е унапреден во чин на потполковник и е назначен за командант на град Скопје.

Во месец октомври 1945 г. по наредба на ГШ на Југославија Диме како потполковник, Панче Неделковски како полковник – авијатичар и Стево Ташев капетан I класа требало да заминат во СССР – Москва на воено усовршување. Но, на 11 октомври 1945 г. на првото одбележување на Денот на народното востание на македонскиот народ, Диме со авион заминал од Нови Сад за Скопје со намера да присуствува на прославата на Денот на востанието на македонскиот народ. Во авионската несреќа загинале Панче Неделковски и Стево Ташев. Авионската несреќа се случила во близина на градот Краљево. Неговата прерана смрт на 31 година, засекогаш го прекинала неговото воено усовршување, за негов уште поголем

придонес за слободна Македонија. Живеел само 11 месеци во слободата на својата земја за која се борел од 1941 г. па сé до крајот на војната.

**21 декември 1922 г. Мито Хаџи Василев – Јасмин** ( НЕМА СПОМЕН-БИСТА)

**20 декември 1943 г. 81 години од формирањето наВтора македонска ударна бригада**

Со одлука на ГШ на НОВ и ПО на Македонија во Фуштани (Егејска Македонија) од баталјоните ,,Страшо Пинџур“, Вториот баталјон на третата оперативна зона и еден бугарски одред е формирана Втората македонска ударна бригада. Формиран е и штаб на бригадата. За командант е назначен Диме Туриманџовски – Горски, зам. командант Лазар Калајџиски – Добри, политички комесар Трифун Трифунов – Балкански и зам. политички комесар Мито Хаџи Василев – Јасмин. При формирањето бригадата имала 350 борци. За време на февруарскиот поход борците од оваа бригада извршиле успешни диверзански дејства на железничката пруга Демир Капија - Гевгелија. Во мај 1944 г. бригадата води значајни борби со бугарскиот окупатор кај селата Крњево и Радња против 600 бугарски војници. За одбележување е борбата што ја водат единиците на Втората Македонска ударна бригада против озогласениот полициски батаљон ,,Бенковски” кај селото Страмашево, притоа нанесувајќи му голема загуба на непријателот. Во јули водени се борби кај селата Возарци, Дреново и Драдња. Во август 1944 г. оваа бригада влегува во состав на Првата македонска дивизија. Во овј период најзначајни борби се водени кај с. Коњско каде биле заробени 34 бугарски војници. Во септември Втората бригада го напаѓа железничкиот транспорт на пругата Гевгелија – Велес, учествува во борбите кај Прилеп против германските единици од составот на групата армии ,,Е” кои од Грција се повлекувале низ Македонија кон север. Во завршните операции за ослободувањето на Македонија, Втората бригада учествува во борбите за ослободување на Прилеп и Кичево. Во средината на декември 1944 г. Втората бригада влегува во составот на 48 дивизија. Како дел од оваа дивизија учествува во пробивот на Сремскиот фронт. Чистејќи го теренот од разбиените непријателски сили и домашни предавници стигнува до Целје – Словенија. Бригадата води повеќе од 200 успешни борби, за што е одликувана со Орден заслуги за народ со златна ѕвезда и Орден братство и единство со златна ѕвезда.

**ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ**

**4 јануари** – Годишнина од убиството на народниот херој **Страшо Пинџур.** Одбележување пред Спомен - бистата во Спомен куќата во Ваташа.

**7 април 1944 г.80** години од загинувањето на народните херои **Киро Крстев иДимче Мирчев**

Споменик пред влезот на Градскиот парк.

**14 мај –** Годишнина од формирањето на тиквешкиот партизански одред ,,Добри Даскалов“ на планината Вишешница.

Одбележување пред Спомеников на влезот во с. Бојанчиште.

**16 јуни** – Годишнина од убиството на 12-те ваташки младинци во месноста ,,Моклиште“.

Одбележување пред Споменикот подигнат во нивна чест во месноста ,,Моклиште“.

**19 јуни** – Годишнина од Тиквешкото востание од 1913 година.

Одбележување пред Споменикот во паркот ,,Полана“.

**15 јули 1894 г. 130години од формирањето на првиот комитет на македонската револуционерна организација(ТМОРО) во Кавадарци**

Одбележување пред Спомен плочата во центарот на градот, посветена на членовите на првиот комитетна ТМОРОод Кавадарци.

**7 септември 1944 година - 80 години од ослободувањето на Кавадарциод фашистичката окупација**

Одбележување пред Споменикот на Револуцијата поставен на плоштадот.

**23 октомври** – Годишнина од Македонската револуционерна борба (1893 г.).

Одбележување пред Спомен плочата во центарот на градот, посветена на членовите на првиот комитет на ТМОРО од Кавадарци.

**20 декември –** Годишнина од формирањето на Втората македонска ударна бригада.

Одбележување во ,,Паркот на Револуцијата“ пред бистата на Диме Туриманџовски – Горски.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила 8 (осмиот ) ден од денот на објавување во ,,С.Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08-7480/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалнатазаштита за 2024 година**

I.

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2024 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/48** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр.8/05, ......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита за 2024 година**

**|.ЦЕЛИ**

Основните цели на на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Кадаварци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита;
- Изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливите групи;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на децата и младите во локалната заедница;
- Осовременување на воспитните и образовните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги на инклузија на лица со посебни потреби.

**||.АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон потикнување, подржување и помагање за остарување на целите на оваа Програма и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства;
- Помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар, поплава);
- Помош на семејства за лекување;
- Помош на поединци во областа на културата;
- Помош на семејства од семејно насилство;
- Информирање на социјално загрозените семејства на правата и обврските;
- Набавка на опрема (помагала) за хендикепирани лица;
- Новородени деца во 2024 година;

Финансиските средства наменети за Програмата се распределени

- За социјална помош на Заедницата по сите основи во висина од 3.000.000,00 денари
- Помош за новородени деца во висина од ...........,.........................1.000,000,00 денари

Се вкупно за програмата: 4.000.000,00 денари

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите во областа на социјалната заштита утвредени со оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

**IV. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

**V. АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Во Општина Кавадарци има граѓански сектор со цели за социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливи групи, деца без родители. Општина Кавадарци ќе ги поддржи нивните напори за иновативни форми за згрижување и социјализација на овие граѓани.

**VI. Други форми на активности**

Општина Кавадарци ќе ги спроведува и тоа:

- Обезбедување стручна, техничка помош и друга подршка со кадри и опрема со која располага
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти во областа на социјалната заштита.

**VII.ЗАВРШНИОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-7480/48** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за давање Согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање Согласност за склучување на спогодба во постапка за медијација, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/49** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 307 од Законот за парнична постапка (“Сл.весник на РМ” бр.79/05 ...124/15), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница, одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**За давање Согласност за склучување на спогодба**

**во постапка за медијација**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување спогодба во постапка за медијација за надомест на материјална штета во износ 35.000 денари, на лицето Тони Најдов од Глишиќ-Општина Кавадарци, со стан на ул.Младост бр.44, кој се јавува како подносител на барањето за поведување на постапка за медијација, како оштетена страна за оштетено патничко возило, застапуван преку полномошник Адвокат М-р. Даниел Ајтов од Кавадарци, што се води пред Медијатор Роска Јованова од Кавадарци, против Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот д-р Митко Јанчев од Кавадарци, како страна која е одговорна за вака предизвиканата штета.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, преку полномошник-адвокат, да постигне и склучи спогодба во постапка за медијација со следната содржина:

СПОГОДБА

1.Странката-оштетениот Тони Најдов од Глишиќ-Општина Кавадарци, со стан на ул.Младост бр.44, со ЕМБГ 1202971483038 повел постапка за медијација, со цел решавање на спорот кој се однесува на надомест на материјална штета во износ 35.000 денари, за оштетено патничко возило, сопственост на оштетениот, каде на ден 03.11.2023 година во 21.40 часот на ПМВ марка Фиат Пунто со рег.таблици КА-0622-АС на ул.7-ми Септември, од силното невреме дошло до кршење на дрво кое паднало на паркираното возило и предизвикало материјална штета.

2.Странката - Општина Кавадарци, СОГЛАСНА Е да му исплати на Странката - оштетениот Тони Најдов од Глишиќ - Општина Кавадарци паричен надомест за претрпена материјална штета во износ од 35.000 денари зголемен за износот на трошоците на постапката за медијација утврдени од страна на медијаторот, штетата и трошоците на постапката ќе бидат исплатени од страна на АД ВИНЕР Виена Иншуренс Груп Скопје, согласно Договор за набавка на услуги за осигурување на имот арх.бр.19-3968/8 од 26.07.2023 година.

3. Оваа спогодба постигната во постапка за медијација во целост го опфаќа предмет на спорот кој се води пред Медијатор Роска Јованова од Кавадарци, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања по основ на штетниот настан предмет на овој спор.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-7480/49** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.98/23 поведен пред**

**Основен суд Кавадарци**

II.

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.98/23 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/50** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05…75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница, одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.98/23 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Судска Спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.98/23, поведен пред Основен суд Кавадарци.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

**за објавување Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во**

**ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарциза 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/66** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002), а во врска со член 37 - ц од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ" бр.275/19.....274/2022), член 82 став 1 точка 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр. 8/05.….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарциза 2024 година**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука за утврдување на висина на бод за исплата на плата на административните службеници вработени во ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за 2024 година, со арх.бр.02-375/1. од 13.12.2023 година, донесена од Директорот на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на општина Кавадарци", а ќе се применува со исплата на плата за јануари 2024 година.

**Бр.08-7480/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Одлука за давање согласност на Информација**

**со арх.бр.03-378/1 од 14.12.2023 година од ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Информација со арх.бр.03-378/1 од 14.12.2023 година од ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/67** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Информација**

**со арх.бр.03-378/1 од 14.12.2023 година од ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Информација со арх.бр.03-3061/1 од 18.12.2023 година од на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, донесена

од Директор на на ЈП за превоз на патници ,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 7480/67** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Програма на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Програма на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/68** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05…….75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница, одржана на ден 21.12.2023 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програма на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кавадарци за 2024 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Програма на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кавадарци за 2023 година, со арх.бр.08-7552/1 од 18.12.2023 година, донесена од Комисијата за еднакви можности.
2. Заклучокот влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08- 7480/68** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Стратегија за родова еднаквост на Општина Кавадарци, изработена од Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Стратегија за родова еднаквост на Општина Кавадарци, изработена од Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/69** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05...75/21), расправајќи по Стратегија за родова еднаквост на Општина Кавадарци

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Стратегија за родова еднаквост на Општина Кавадарци, изработена од Комисијата за еднакви можности на Општина Кавадарци, со арх.бр. 08-7552/2 од 18.12.2023 година

**2.** Заклучокот влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-7480/69** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.12.2023 година** **Претседател,**

**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Одлука за давање согласност за склучување на Меморандум за соработка на Општина Кавадарци**

**со Здружение за родова еднаквост ,,Визија"Кавадараци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност за склучување на Меморандум за соработка на Општина Кавадарци со Здружение за родова еднаквост ,,Визија"Кавадараци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/70** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр. 8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на**
**Меморандум за соработка на Општина Кавадарци**
**со Здружение за родова еднаквост ,,Визија"Кавадараци**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Меморандум за соработка на Општина Кавадарци со Здружение за родова еднаквост ,,Визија"Кавадараци, и тоа

**МЕМОРАНДУМ З А С О Р А Б О Т К А**

Склучен на ден -------------- година во Кавадарци помеѓу:

1. **Општина Кавадарци,** со седиште на Ул. „Плоштад Маршал Тито бб " со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 Кавадарци, застапувана од Градоначалник на Општина Кавадарци, д-р Митко Јанчев,од една страна

2. **Здружение за родова еднаквост ,,Визија",** со седиште на Ул Сремски Фронт бб., Кавадарци, ЕДБ 4011991111529 и ЕМБС 4566955, застапувано од Претседател на здружението,Благица Коцева-Тодорова , од друга страна

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Здружението за родова еднаквост ,,Визија" има 30 години работно искуство во делот на жртвите на родова еднаквост и активно се залага за спречување на родово базирано насилство. Здружението ,,Визија"е иницијатор на отворање на регионалниот советувалишен центар за поддршка на жени и деца жртви на семејно насилство и како

единствено здружение во регионот кое реализира проекти за спречување на семејното насилство кај жените и зајакнување на капацитетите и услугите кои се нудат на оваа целна група.

Врз основа на овој Меморандум за соработка Општина Кавадарци ги става на располагање просториите (6 апартмани) лоцирани ул.7-ми Септември бр. 74 со КП 12560 на КО Кавадарци со површина од 196м² за реализација на Проектот Интервентен Центар за сместување на корисници/жртви на семјно насилство, природни непогоди и лица во социјален ризик ( во понатомошниот текст Центарот) .

## ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 1**

Меморандумот за соработка има за цел воспоставување на соработка помеѓу страните потписнички на полето на унапредување и заштита на корисниците/жртвите на семејно насилство, природни непогоди и лица во социјален ризик и нивно интервентно сместување во Центарот

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ ПОТПИСНИЧКИ

**Член 2**

Со меморандумот се дефинираат правата и обврските на двете страни потписнички.

**Права и обврски на Здружението за родова еднаквост ,,Визија"**

- Професионално менаџира и раководи со Интервентниот Центар
- Создава услови за психо-социјална и бесплатна правна и советодавна помош на корисниците/жртвите на семејно насилство, природни непогоди и лица во социјален ризик
- Се справува со проблемот на корисниците/жртвите на семејно насилство, природни непогоди и лица во социјален ризик
- Обезбедува сестран допринос во процеот на зајакнување на целната група и нивно унапредување и реинтеграција во општествената заедница
- Обезбедува транспарентност и отчетност во работењето на Интервентниот Центар
- Обезбедува допринос во информирањето на граѓаните за степенот на постигнувањето во оваа проблематика и става акцент на почитување на човековите права
- Доставува полугодишни и годишни наративни извештаи до Советот на Општина Кавадарци за реализација на активностите на Интервентниот Центар

**Права и обврски на Општина Кавадарци**

- Општината става на располагање објект со шест апартмани лоцирани на ул. 7-ми септември бр.74 на КП 12560 КО Кавадарци со површина од 196 м² во сопственост на Општина Кавадарци

- Општина Кавадарци превзема за обврска плаќање на тековните режиски трошоци на Интервентниот Центар (струја, вода и сл)

- Редовно учествува на координативните и работните средби помеѓу договорните страни заради усогласување на реализацијата на проектот согласно потребата во однос на реализацијата на сите или поединечни проектни активности

- Редовно врши мониторинг преку разгледување на полугодишни/годишни наративни извештаи на седница на Совет на Општина Кавадарци
  Во случај на констатирани неправилности или злоупотреба во начинот на реализација на активностите од страна на Здружението, Општината мора писмено да реагира за навремено да се надминат или доколку не е возможно тоа, согласно законот соодветно да се постапува

**Член 3**

Овој Меморандум може да биде дополнет и изменет со склучување-анекс од страна на страните потписнички
Истиот може да биде раскинат на барање на било која договорна страна доколку се утврди непочитување на одредбите (правата и обврските) од истиот од страна на било која договорна страна

**Член 4**

Страните потписнички се согласуваат сите спорни прашања или спорови настанати поради разни причини или од непочитување на правата и обврските опишани во меморандумот да ги решаваат спогодбено во рок од 30 дена од денот на настанување на спорот. Доколку истото не е можно, надлежен за решавање е Основен Суд Кавадарци.

**Член 5**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане на сила додека не биде раскинат

**Член 6**

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) идентични примероци, по 2 (два) за секоја договорна страна и истиот своерачно го потпишуваат

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** | **ЗРЕ ,,ВИЗИЈА” КАВАДАРЦИ** |
| **ГРАДОНАЧАЛНИК** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| **д-р МИТКО ЈАНЧЕВ** | **БЛАГИЦА КОЦЕВА ТОДОРОВА** |
| ________________________ | ________________________________ |

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да го потпише Меморандум за соработка на Општина Кавадарци со Здружение за родова еднаквост ,,Визија”Кавадараци .

**Член 3**

Одлуката влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08-7480/70** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување ПРАВИЛНИК И ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТА НА ИНТЕРВЕНТЕН ЦЕНТАР ЗА КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И КОРИСНИЦИ/ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** ПРАВИЛНИК И ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТА НА ИНТЕРВЕНТЕН ЦЕНТАР ЗА КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И КОРИСНИЦИ/ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/71** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр. 8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

**ПРАВИЛНИК И ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТА НА ИНТЕРВЕНТЕН ЦЕНТАР ЗА КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И КОРИСНИЦИ/ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК**

Со овој Правилник се уредува процедурата за работа на Интервентниот центар за корисници/жртви на семејно и родово базирано насилство, корисници/жртви на природни непогоди, корисници/лица во социјален ризик.

**Индикатори:**

1) Општина Кавадарци располага со соодветни простории од 6 апартмани за привремено сместување на корисници/жртвите на семејно и родово базирано насилство, корисници/жртви на природни непогоди, корисници/лица во социјален ризик.
2) Интервентниот Центар е лоциран во централното градско подрачје, ул.„7 ми Септември“бр.74 на кп.бр.12560 КО Кавадарци во површина од 196 м2 во чија што непосредна близина има и соодветни инфраструктурни објекти - полициска станица, здравствен дом, училиште, градинка, пристап до јавен градски превоз;
3) Интервентниот центар е пристапен за лица со телесна попреченост и пречки во движењето;
4) Стручната работа со жртвите во Интервентниот центар ја спроведуваат стручни лица од Регионалниот советувалишен центар кои имаат специјализирани обуки за работа со жртви на семејно и родово базирано насилство и се од следните профили: психотерапевт, социјален работник и правник;
5) Корисниците/Жртви уште при самото сместување се информираат за начинот на работа на Интервентниот центар и потпишуваат Изјава дека се согласуваат да се придржуваат до Куќниот ред во Интервентниот центар;
6) Стручните лица ја евидентираат својата работа во соодветна и унифицирана евиденција и документација;

**ПРОЦЕДУРИ**
**ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И КОРИСНИЦИ/ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК ВО ИНТЕРВЕНТНИОТ ЦЕНТАР**

**1.УПАТУВАЊЕ**

Упатувањето во Интервентниот центар може да биде од:

- Полициска станица Кавадарци;
- CALL Центар – Општина Кавадарци;
- Невладина Организација;
- други релевантни и надлежни институции.

**2. КОРИСНИЦИ, КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ТРАЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ИНТЕРВЕНТНИОТ ЦЕНТАР**

Интервентниот центар обезбедува привремено сместување и згрижување на лица од територијата на Општина Кавадарци, кое може да трае од 1 до 3 месеци, додека институциите ја изготват административнао-техничката документација.

Критериуми за сместување на лица во Интервентниот центар се:

- Претходна пријава во Полициска станица Кавадарци на насилство, незгода или несреќа;
- Отворена опасност и закана за животот и здравјето на жртвата, заради примена на физичка сила, закана или заплашување од друг член на семејството, а не постои можност за прифаќање на корисниците во семејната  или блиската социјална средина;
- Опасност од останување без дом (место за живеење) поради елементарни непогоди и други слични проблеми;
- Отсуство на ресурси во семејната средина за прифаќање и ургентно и безбедно згрижување на лицата;
- Центарот обезедува услуги за жртвите без разлика на возраст, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално, етничко или социјално потекло, имотна или материјална положба или друга различност;

  Ограничувања постојат во случаите кога:
- корисниците/жртвите имаат потреба од интервенција и третман од други стручни лица;
- кога корисникот има нарушување на психичкото здравје за кое е потребно психијатриски надзор, односно услуга која ја обезбедува здравствена установа;
- кога корисникот има повеќекратни нарушувања на здравствената состојба за што е потребна помош и нега од здравствена установа;
- кога корисникот има хронична зависност од алкохол и/или други психотропни супстанци и се прави упатување односно се остварува контакт со здравствена установа која обезбедува услуги за поддршка;
- кога корисникот има ментална (когнитивна) попреченост, се прави упатување односно се остварува контакт со месно надлежниот Центар за социјални работи со цел обезбедување на заштита;
- во случаите со аудитивна попреченост или друга попреченост, се обезбедува во соработка со надлежните институции кои согласно Законот за социјална заштита, обезбедуваат лице кое учествува во постапката за згрижување со согласност на корисникот.

**Принципи на работа:**

- Центарот работи врз принципот на недискриминација и почитување на личноста;
- Принцип на приватност;
- Принцип на доверливост;

  Единствените исклучоци од принципот на доверливост се :
- да се заштитат корисниците, кога постои причина да се верува дека има опасност по животот, здравјето и слободата;
- да се заштити безбедноста на персоналот, кога нивниот живот, здравје или слобода се загрозени.

**3. ПРИЕМ**

- Приемот на лица во Интервентниот центар се врши 24 часа, 365 дена во годината, по пријава на случај во Полициска станица Кавадарци, CALL Центар – Општина Кавадарци, Невладина Организација и други релевантни и надлежни институции, со придружба на овластено лице (Полициска станица Кавадарци, Регионален советувалишен центар).

**3.1. Прием во Интервентниот центар**

Лицата во Интервентниот центар може да бидат примени со или без придружна документација.

Корисникот/Жртвата на семејно или родово базирано насилство може да биде примена без документација доколку згрижувањето е ургентно и интервентно, заради животно-загрозувачки околности, кога жртвата е донесена во Полициска станица Кавадарци или Регионален советувалиштен центар.

Во текот на понатамошното постапување, стручната служба на Регионалниот советувалишен центар и Полициската станица Кавадарци обезбедуваат соодветна документација.

Под соодветна документација се подразбира: Наод и мислење на стручен тим, План за индивидуална работа со жртвата и Решение за упатување.

**3.2. Прием во Интервентниот центар координирано од Невладина организација**

При приемот, корисникот/жртвата се информира за видот на услугите кои ги обезбедува Интервентниот Центар, како и со Куќниот ред.

Корисниците/жртви кои се согласиле да бидат згрижени во центарот, потпишуваат Изјава за согласност за сместување и прифаќање и почитување на Куќниот ред на Центарот.

Сите корисници/жртви се запознаваат со Куќниот ред на Центарот односно со карактеристиките и специфичностите на услугата, а давателите на услугата треба да се осигураат дека корисниците ги разбираат и се согласуваат да бидат сместени. За согласноста се потпишува Изјава за почитување на куќниот ред.

Здруженито за родова еднаквост „Визија“, одредува лице од тимот што ќе го следи случајот од моментот на сместување, се до напуштање на Интервентниот центар и ќе соработува со надлежните органи, кои понатаму продолжуваат да работата со жртвата (Центарот за социјални работи, Полициска станица Кавадарци, Образовна установа и други релевантни институции).

Согласно Меморандумот за меѓусебна соработка на Општина Кавадарци и Здружението за родова еднаквост „Визија“ Кавадарци жртвата се упатува во Регионалниот советувалишен центар каде и се обезбедува придружба, помош и поддршка од социјален работник, а по потреба и психотерапевт и правник. Здружението за родова еднаквост „Визија“ Кавадарци ја известува Полициската станица Кавадарци за деновите на престој на корисникот/жртвата.

**4. УСЛУГИ И СТРУЧНА РАБОТА СО КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО, КОРИСНИЦИ/ЖРТВИ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И КОРИСНИЦИ/ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК**

Стручната работа во Интервентниот центар, ја реализираат стручни лица од Здружението за родова еднаквост „Визија“ Кавадарци согласно Годишна програма за работа.

Стручните лица обезбедуваат соодветна психосоцијална интервенција, третман и стручна советодавна работа.

Кога жртвата е сместена во Интервентниот центар стручниот тим изготвува:

- Стручно мислење од тимот на стручни работници во Интервентниот центар, кое ќе содржи податоци за: потребата од сместување на жртвата, податоци за услуги за помош, поддршка и заштита на жртвата и нејзините деца доколку се сместени со неа;
- План за работа со жртвата (како и за нејзините деца, доколку жртвата е згрижена со нив), при што активностите во планот ќе бидат адекватни на проценетиот статус на жртвата, од аспект на психичка состојба, здравствен, емоционален и социјален статус;
- Стручниот тим воспоставува соработка со училиштето и ја информира стручната служба од училиштето за состојбата на децата ( кои се згрижени во Интервентниот центар со својата мајка/семејство);

Стручниот персонал во своето работење ги применува методите и техниките за работа со жртви на семејно и родово базирано насилство, жртви од природни непогоди и лица во социјален ризик.

**5.ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Активностите и работата со жртвите во Интервентниот центар се бележат во соодветни обрасци и тоа:

1. Изјава за согласност за престој во Интервентниот центар за корисници/жртви на семејно и родово базирано насилство, корисници/жртви на природни непогоди и корисници/жртви во социјален ризик и почитување на Куќен ред;
2. Изјава за согласност за давање податоци;
3. Регистар на корисници во Интервентниот центар;
4. Евиденциона карта на корисник;
5. Извештај за работата на Интервентниот центар;
6. Табела за мониторирање на стандардот за работа на Интервентниот центар.

**6. ПРЕСТАНОК НА СМЕСТУВАЊЕТО**

Сместување и згрижување во Интервентниот центар може да трае од 1 до 3 месеци.

Сместувањето во Центарот престанува:

- по истекот на времето предвидено за сместувње;
- по барање на корисниците, при што потпишуваат Изјава за самостојно напуштање на Центарот;
- во Случај на прекршување на Куќниот ред од страна на корисниците и загрозување на безбедноста на овластените лица на центарот;

За секој престанок на сместување и згрижување се изготвува писмено Известување за престанокот на сместување на корисниците, кое содржи идентификациони информации за корисниците, времетраење на сместување и се доставува до Центарот за социјални работи. За престанокот на сместувањето и згрижувањето се одлучува комисиски.

**7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Мониторингот на работата на Интервентниот центар го врши Општина Кавадарци преку наративни Извештаи кои се изготвуваат од страна на Здружението за родова еднаквост „Визија“ Кавадарци и се доставуваат на одобрување до Советот на Општина Кавадарци, на полугодишно и годишно ниво.

**8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Правилникот и Процедурите за работа на Интервентен центар за корисници/жртви на семејно и родово базирано насилство, корисници/жртви на природни непогоди и корисници/лица во социјален ризик се од отворен карактер и може да се менуваат и дополнуваат со согласност на двете договорни страни.

Овој Правилник влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08-7480/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за транспорт, трговија и услуги “АНЕЛ-МАГ 97” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за траспорт, трговија и услуги “АНЕЛ-МАГ 97” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/72** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (,,Сл. Весник на РМ,, бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница, одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

# О Д Л У К А

## за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за траспорт, трговија и услуги “АНЕЛ-МАГ 97” ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација услуга - извршување на градежни работи и тоа чистење на брана “Моклиште” од страна на Друштво за транспорт , трговија и услуги “АНЕЛ-МАГ 97” ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул “Достоевски” бр.25 н.Глишиќ Кавадарци, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање и тоа уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште, согласно член 22 ст.1 ал.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **270.600,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-7480/72** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

## за објавување Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи и материјално добро Еуродизел од Друштво за производство, трговија и услуги “ЈА-МИ” експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за примање донација – услуга извршување на градежни работи и материјално добро Еуродизел од Друштво за производство, трговија и услуги “ЈА-МИ” експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/73** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 4, 5, 6, 7, 10 и член 11 од Законот за донации и спонзорства (,,Сл. Весник на РМ,, бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05........ 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница, одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за примање донација – услуга извршување на градежни работи и материјално добро Еуродизел од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација – услуга, ангажирање на градежна механизација за изведување на градежни работи - чистење на повеќе локации (чистење на Брана "Моклиште", чистење на двор во СОУ "Ѓорче Петров" Кавадарци, чистење во с.Бојанчиште, с.Страгово, с.Чесендре, с.Раец), и материјално добро Еуродизел БС – 2.476литри, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт - импорт ДООЕЛ Кавадарци, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од областа на урбанистичкото (урбано и рурално) планирање и уредување на просторот, како и заштита на животната средина и природата согласно член 22 ст.1 ал.1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е во вкупен износ од **1.620.490,00 денари со вкалкулиран ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, ги овластува членовите на совет Тони Нешковски и Јован Златевски, во име на Општината како примател на донацијата, да склучат Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Оваа одлука влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-7480/73** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.12.2023 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов,, Кавадарци за учебната 2023/2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов,, Кавадарци за учебната 2023/2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/74** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ бр.05/2002“), а во врска со член 24-а став 1 од Законот за средно образование (“Сл.весник на РМ” бр.44/95...64/18 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) ,член 7 од Правилникот за начинот за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година и 20-9926/1 од 15.08.2017 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци “ бр.8/05, …..75/21)

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов,, Кавадарци за учебната 2023/2024 година**

**1.** Советот на Општина Кавадарци дава ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ на Програма со бр.03-682/1 од 06.11.2023 година за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов,, Кавадарци за учебната 2023/2024 година.

**2.** Решението влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7480/74** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**21.12.2023 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Заклучок усвојување на Шест месечниот наративен и финансиски Извештај за работењето на Градска Винотека ДООЕЛ Каваадрци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за** усвојување на Шест месечниот наративен и финансиски Извештај за работењето на Градска Винотека ДООЕЛ Каваадрци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/75** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), член 82 став 1 точка 30 и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.….75/21), расправајки по Шест месечниот наративен и финансиски Извештај за работењето на Градска Винотека ДООЕЛ Каваадрци,

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Шест месечниот наративен и финансиски Извештај за работењето на Градска Винотека ДООЕЛ Каваадрци**

**1.СЕ УСВОЈУВА** Шест месечниот наративен и финансиски Извештај за работењето на Градска Винотека ДООЕЛ Каваадрци со арх.бр.02-155/8 донесена од Управен Одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш - Кавадарци, на седница одржана на ден 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Службен гласник на Општина Кавадарци“

**Бр.08- 7480/75** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на 2023година на Младински Центар Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на 2023 година на Младински Центар Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/76** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа (''Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за работа на 2023 година на Младински Центар Кавадарци,

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на 2023година на Младински Центар Кавадарци**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештај за реализација на Програмата за работа на 2023 година на Младински Центар Кавадарци, доставен од страна на Младински Центар Кавадарци со арх.бр.09-7592/2 од 19.12.2023 година.

**2.**Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7480/76** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Младински Центар Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Младински Центар Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/77** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа (''Сл.весник на РМ" бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), расправајќи по Програмата за работа на Младински Центар Кавадарци за 2024 година

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Програмата за работа на Младински Центар Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на Младински Центар Кавадарци за 2023 година, доставена од страна на Младински Центар Кавадарци со арх.бр.09-7592/1 од 19.12.2023 година.

**2.**Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7480/77** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општински ученички дом,,Крсте П.Мисирков" Кавадарци за 2024 година**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општински ученички дом,,Крсте П.Мисирков" Кавадарци за 2024 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.12.2023 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-7677/78** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**22.12.2023 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.05/02), а во врска со член 60 став 1 алинеја 2 од Законот ученички стандард (,,Сл.весник на РМ"бр.52/05....20/19 и ,,Сл.весник на РСМ" бр.84/20 .... 302/20), член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,бр. 08/05,...... 75/21), расправајки по Годишната програма за работа на Општински ученички дом,,Крсте П.Мисирков" Кавадарци за 2024 година,

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 21.12.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната програма за работа на Општински ученички дом,,Крсте П.Мисирков" Кавадарци за 2024 година**

1. Советот на Општина Кавадарци ја усвои Годишната програма за работа на Општински ученички дом,,Крсте П.Мисирков" Кавадарци за 2024 година, со арх.бр.03-156/1 предложена од Управниот Одбор на Општински ученички дом,,Крсте П.Мисирков" Кавадарци за 2024 година на седница одржана на ден 15.12.2023 година.

2. Заклучокот влегува сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци",.

**Бр. 08-7480/78** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.12.2023 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**